Петко ДОМАЗЕТОВСКИ

# ПОЕТИКАТА НА НАРОДНАТА ПЕСНА ОД РЕГИОНОТ МАРИОВО

Стихуваното народно творештво од мариовскиот крај (и лирското, и епското и лирско-епското), како и целокупната македонска народнопоетска уметност, се одликува со особено раскошна и импресивна народна поетика. Таквата богата народна поетика произлегува, секако, од креативната дарба на народниот творец од ова географско подрачје, кој на вообличувањето на стихот му приоѓа со голема минуциозност и креативно мајсторство, внесувајќи ги во него, во инспиративните мигови, целосно и своето срце и својата душа. Тој тоа го правел за да се ослободи, кога за тоа чувствувал потреба, од насобраната во него творечка енергија, преку која создавал поетски творби што го одразуваат начинот на неговото мислење; што го откриваат погледот на светот и ставот спрема општествената стварност: што се пеат и што се читаат со посебен пиетет и што можат да бидат поместени (се разбира, некои од нив) во некој антологиски избор на народното поетско творештво од овој крај. Всушност, со мајсторкото владеење на стилско-версификативниот инструментариум народниот поет од мариовските простори успеал да создаде раскошен поетски израз со мошне сугестивен и емоционален набој. Потврда за тоа може да се најде скоро во сите песни што ги имавме прирака за оваа цел.

Неспорен е фактот дека народната поетика и овде, а тоа е сосема разбирливо, се развивала во текот на многу векови и преку тој и таков многувековен творечки процес таа доаѓала до богата и разновидна репертоарска вредносна носивост на поетски, односно на стилско-изразни средства, кои што на народната поезија ѝ обезбедувале сликовитост и емоционалност, убавина и значење, т.е. продонесувале во голема мера за нејзиното многувековно уметничко оформување и витално опстојување.

Особено е воочливо дека народниот пејач од Мариово и кога се радувал, и кога тагувал, и кога неговата душа ја бранувале напливи од разновиден карактер, тој знаел и умеел да ја изнајде за песната онаа уметничка руба што најмногу ѝ одговарала и што најуспешно и најповолно и обезбедувала рецепција во пошироките слоеви на етничкиот живот од оваа област. Впрочем, кога стану-

ва збор за начинот на поетската обликовка, може да се рече дека со таков стрмеж се носел и македонскиот народен поет воопшто.

„При проучувањето на поетиката на фолклорот-како што истакнува Блаже Петровски, зборувајќи за македонскиот јуначки епос-многу е битно да се има предвид категоријата на жанрот. Поетиката на фолклорот секогаш е жанрово условена и жанрово реализирана. Жанрот е жив и нераскинлив поетски систем. Тој се карактеризира не само со конкретни специфики на содржината, на настаните и личностите, туку и со соодветен комплекс на уметнички средства што му се својствени. Затоа поетиката на која и да е јуначка песна, во споредба со друга таква, секогаш ќе претставува варијанта на поетиката на жанрот, реализација на неговите принципи."[1] Оваа констатација бездруго треба да се има предвид и при лирската и при лирско-епската поезија.

Во овој контекст, како корисно разјаснување, наоѓаме погодност да го потенцираме искажувањето на Миливој Солар, што се однесува на класирањето на стилските изразни средства. На едно место, тој пишува: „Распределувањето на фигурите е доста сложена постапка. Старите реторичари и поетичари не се согласувале ниту околу бројот на фигурите, ниту околу сфаќањето на одделните фигури, ниту околу групите во кои би можеле да се зберат сродните фигури. Сепак, од голем број фигури кои се разликувале некогаш, околу триесетина називи и денес се употребуваат често. Што се однесува на распределбата на фигурите, можеме да се користиме условно со таквата поделба, која стои најблизу до современото сфаќање на јазикот. Според неа фигурите ќе ги поделиме на фигури на дикцијата (тоа е интонационо-синтаксичкиот слој на поетскиот јазик, односно тоа се таканаречените гласовни или звучни фигури-м.з.), фигури на зборовите или тропи, фигури на конструкцијата и фигури на мислите, со напомена дека таа поделба не е потполна, и дека некои познати фигури во неа или немаат вистинско место или можат да се стават со исто оправдување во повеќе групи."[2]

Ние овде, разбирливо, нема да одиме на толку широк опфат при ексцерпирањето на стилските изразни средства, односно на јазичните фигури, зашто сме просторно и временски ограничени, а освен тоа не си имаме поставено ни таква цел. Ползувајќи се со карактеристични народно- поетски примери од книгата на д-р Воислав Радовановиќ- Маријовци у песми, причи и шали [3] и од книгата на Милан Ристески- Македонски обреди и обредни песни од Мариово и Прилепско[4] , овде, всушност, сакаме да се произнесеме накусо за употребата на интонациско- синтаксичките структурални единки (фигурите) што се присутни не само во поезијата на регионот Мариово, туку речиси и во народната поезија на сите народи. Конкретно, си поставуваме задача да се задржиме на: *анаколутот, инверзијата, асиндетот, полисиндетот, елипсата*, потоа на т.н. *лирски паралелизми(анафората, епифората, симплохата, анадиплозата, рефренот, градацијата)*, а предвид се земени и разните обраќања *(ексcламацијата, апострофата, интерогацијата, молбата, кондиционалот, благословот, клетвата)*. Исто така, сакаме да нагласиме дека нема да гиземеме предвид при ова и некои јазични елементи што се јавуваат во

улога на одлики на стилот и на народната поезија од мариовското поднебје, какви што се, имено, *синонимиѿе, архаизмиѿе*, изоставувањето на предлогот или членот, дијалектизмите и сл.

Зборувајќи за посоченава проблематика, односно за значењето на фигуративното изразување, Тимофеев истакнува: „...Интонацијата е како некое време и простор на живиот збор, само во интонацијата зборот всушност и постои".[5] Исто така, значењето на гласовните или звучните фигури го потцртува и д-р Лазо Каровски: „Со помошта на интонационо- синтаксичките форми на говорот, т.е. видот на искажувањето на мислите и необичниот облик на реченицата, се постигнува поизразита моќ на говорот, поголема сугестивност, се потенцира битното, значајното, карактеристичноста на личноста или на појавата што е предмет на уметничкото кажување."[6]

При разгранувањето значењето на стилските фигури и при посочувањето на бројот на примерите, ќе тргнеме од можностите што ни ги нудат поетските текстови на именуваните книги (збирки) со кои ќе се служиме, избирајќи во овој случај поодделни примери од нив, што ќе ни се дадат на показ при анализаторскиот приод.

Анаколутоте фигура што ја сретнуваме поретко во поезијата што ја анализираме. Се состои во неправилна конгруенција на зборовите, односно тука зборовите се употребени без меѓусебна усогласеност по род и број, а зад таа нелогичност се открива неговата убавина. Со невообичаеноста на кажувањето анаколутот, всушност, има цел да укаже на битното.

Посочуваме примери со анаколут:

Ми ја праша негов' стара мајка. (В. Р. , п. 10)
Полежи, бело Асан, поспиј си.(В. Р. , п. 52)
Три јаболка мили сина. (М. Р. , п. 31)

Инверзија (од латинското *inversio*, вртење, преметнување), значи преметнување на редот на зборовите или на деловите од реченицата, односно тоа е неправилен ред за разлика од оној што претставува граматички правилен ред.[7] Ваквото преметнување на зборовите, на реченичните делови, па и на речениците се врши со цел да се акцентира одреден збор или одредена група зборови за да се потцрта од народниот поет она што се мисли дека е посуштествено.[8]

Во стихот:

Накачила Неда горе по реката еј дооо. (М. Р. , п. 121)

прво доаѓа прирокот наместо подметот. Значи, творецот го изменил редот на зборовите, затоа што сакал да стави нагласка на дејството, означено со прирокот, а не на подметот со кој е искажан вршителот на дејството.

Приведуваме и други стихови од кои се гледа дека првин е искажан прирокот:

Возила се кралица
Во сребрена кочија. (М. Р. , п. 53)
Се прошета Кралевина Марко. (В. Р. , п. 3)

Наоѓаме и примери во кои што првин е нагласен прироковиот додаток- предмет, кој што граматички би требало да дојде по прирокот.

Танец води бела Неда. (М. Р. , п. 116)
Вино пије Кратовче Радоња,
Вино пије на ладна мејана. (В. Р. , п. 16)

За нијансирање на интонацијата од послаба кон понагласена, важна улога игра п о л и с и н д е т о т (според грчкиот збор *polysýndeton*, многу врзано). Полисиндетот е стилска фигура при која се јавува преголема употреба на сврзници со цел да се истакнат посебно одделни зборови, т.е. да се дојде до посебен начин на натрупување претстави, а тоа сугерира особена смисла.[9] Во поезијата од мариовскиот крај (особено во епската) полисиндетот наоѓа честа употреба. Тоа што тој зафаќа поголем простор во епското поетско творештво доаѓа од нарацијата, што не е карактеристично за лирските песни.

Што ми стана Кратовче Радовче,
Што ми стана утро во недела,
Што ми зеде коњче мало вранче,
Што му кладе седло шиклосано,[10]
Што му тури жолти мајмузии,
Што му тури јузди позлатени,
Што си вјана коњче мало вранче. (В. Р. , п. 16)

Со сврзувањето на стиховите со сврзникот *што* се доаѓа до градирање на интонацијата. Кажувањето со тоа добива поизразита силина.

Со суптилни полисиндети ќе се сретнеме и во следниве стихови:

Чупички мили сестрички
Имам си сестра постара
Ш'о ми навеза кошулче
И на кошулче саѓијче[11]
И на полиња звездиња
И сред плеќите сонцето. (М. Р. , п. 88)

Расти расти перуниго
Да израстиш до година
Да те давам на момите
Да те носат на главите. (М. Р. , п. 47)

За разлика од полисинтетот, фигурата а с и н д е т (според грчкото *asyndeton*, неповрзано) претставува нижење слики, мисли, чувства или претстави за нешто, без граматичко поврзување, односно без употреба на сврзници.[12] Преку асиндетот, со самото отстранување на сврзниците меѓу зборовите или меѓу група зборови, творецот постигнува згуснатост на она што сака да го искаже како емоција и мисла, доаѓајќи и до поизразита драматичност.

Полежи, бело Асан, поспиј си,
Полуби бело лице Тодино!

Прегрни рамна става Тодина,
Целувај бело лице Тодино! (В. Р. , п. 52)

В раце носи котле вода
Во котлето сребрен крст
Во раката бел босилок. (М. Р. , п. 12)

Стојан Петкана ее не слуша
Симна си далјан ее од рамо
Закачи чифте ее пиштоли
Зеде си сабја ее од лево
Сам ми отиде ее во Солун
Солунци просту ее станаа
Сите му селам[13)] ее сторија
Сите му се ее поклонија
Пашата сам просту ее стана. (М. Р. , п. 118)

Блиска до асиндетот е е л и п с а т а (според грчкото *élleipsis*, недостаток, изоставување), зашто и при оваа фигура станува збор за испуштање, но не само на сврзниците, туку тука се испуштаат зборови или цела група зборови.[14)] Така, на пример, народниот творец кога пее за дибек Мата, наместо да го повтори прирокот *носи* повеќе пати во стиховите, тој го испушта за да добие лапидарен израз:

Она носи многу стока
Ногу стока на главата
На главата петстотини
На ѓерданот шестотини
На колaнот шес иљади. (М. Р. , п. 177)

Елипса сретнуваме и во песната „Ерген одев сто години" (М. Р. , п. 224) во која се пее за мрзливата, а лакома жена:

Се погоди болничава
Кога глава кога срце
На сред полноќ половина
Ми побара понудица
Баница и кокошчица
Кокошчица карта вино
Ѝ донесов понудица
Баница и кокошчица
Кокошчица карта вино
Вреќа волна за предење.

Очигледен пример за елипса ни нуди и песната „Вило моме три зелени венци":

Вило моме три зелени венци
Први венец моме од бела лозница
Втори венец моме од бели босилок
Трети венец моме од зелени бршлен. (М. Р. , п. 214)

Во мариовската народна песна, како и во народната поезија воопшто, особено се функционално присутни фигурите на повторувањето, т.е. така наречените *лирски паралелизми*, а тоа се, како што рековме, *анафората, епифората, симплохата и анадиплозата*, при коишто се повторуваат зборови или група зборови.

За разлика од другите повторувања, на пример тавтологијата или параномасијата- Лазо Каровски нагласува- лирските паралелизми, нешто слично како кај римата [...] имаат строго определено место.[15)]

<u>Анафората</u> (спотед грчкиот збор *anaphorá*, повторување) значи повторување на еден или на повеќе зборови во почетокот на два или на неколку последователни стиха. Оваа фигура зафаќа широк простор во песната од мариовскиот крај и има задача да ја потенцира основната мисла, а понекогаш се јавува со цел да ги нагласи дејството, нарацијата и основните емоции.[16)] Во песната за неверната болка на младата Јанкулица (В. Р. , п. 19) народниот пејач, за да ја нагласи нејзината алчност од повеќе градови, употребува анафора:

Ми посака млада Јанкулица,
Ми посака благите понуди:
Јод Струмица блага лубеница,
Јод Тиквеша тоа црно грозје,
Јод Прилепа белото симиче,
Јод Битола белото селвиче![17)]

Анафората, всушност, ја сретнуваме во двата стиха еднoподруго:

Болна била русата Надежда
Болна била завал умирала. (М. Р. , п. 188)

во три, во четири, во пет и повеќе стихови еднoподруго:

И се Јана Богу молила:
- Да заврнат јесенски дождеви,
Да ми удрат пролетни градеви,
Да дотечат реки суводолки, -
Да ја кренат кула од олово,
Да го види Грујa Валбаџија,
Дали оди како си одеше,
Дали носи како се носеше! (В. Р. , п. 18)

<u>Епифората</u> (според грчкото *epiphorá*, додаток) е фигура при која се јавува повторување на збор или група зборови на крајот од два и повеќе последователни стиха.[18)] За разлика од анафората, епифората е помалку распространета во стихуваното творештво на мариовскиот крај. Со оваа фигура народниот пејач настојува да го нагласи, да го зголеми емоционалното чувство.[19)]

Во песната „Петруно пиле градешко" (М. Р. , п. 9) за да се потенцира чувството на љубов кон саканата Петруна, која што мајка ѝ не ја дава за тој што ја сака, народниот пејач во изразот се служи со епифора:

- Петруно пиле Градешко
Сирома су си од тебе
Со години капам по тебе.

Во епската песна „Марко Кралевина и Беле Костурјанче" (В. Р. , п. 2) два стиха поседуваат епифора:

Погор' најде један млади орач:
„Добро утро, море, млади орач".

И с и м п л о х а т а (според грчкиот збор *symploké*, сплетување, соединување, вплетување) е стилско изразно средство што се сретнува поретко во мариовските народни песни. Таа, всушност, претставува соединување на анафората и епифората, т.е. повторување на ист збор (или група зборови на почетокот и на крајот од еден или повеќе стихови).[20)]

Еве примери:

Матуше, чупе, Матуше. (В. Р. , п. 49)
-Не иди лудо, не иди. (М. Р. , п. 9)

А н а д и п л о а з а т а или п а л и о л о г и ј а (според грчкиот збор *anadiplôsis*, удвојување),[21)] како и анафората, зафаќа широк простор во народното стихотворство на Мариово. За оваа фигура е карактеристично тоа што еден збор (или група зборови) од крајот на еден стих се повторува на почетокот на наредниот стих.[22)]

Изговори Марко да зборува:
„Дејди, дете, дете Дукадинче,
„Дукадинче, лепи побратиме,
„Ајде није да се разодиме,
„Разодиме зелени чајири. (В. Р. , п. 3)

Лазо Каровски нагласува дека сите фигури од лирските паралелизми придонесуваат и за посугестивен израз, и за поголема кондензација на емоциите, и за потенцирање на битното, суштественото, како и за поголема цврстина на ритмичката структура на песната. Понатаму, тој додава: „Меѓутоа, со самиот факт што анадиплозата се наоѓа на крајот од претходниот и на почетокот од наредниот стих, се чини дека нејзиниот придонес за поголема цврстина, како ритмичка така и семантичка, а исто така и фоничка, е најголем.[23)] Нејзиното опчекорување од крајот на претходниот во почетокот на наредниот стих претставува алка.[24)] Тоа може да се согледа на следниве примери:

Едно утро најде гора
Најде гора поломена
Поломена искршена. (М. Р. , п. 16)
-Мори Маро алтан Маро
на кого си налутена
налутена насрдена
-Море бегу Асан бегу

На тебе су налутена
Налутена насрдена
Сите моми со колани
Со колани со ѓердани
Јас си немам срмен колан
Срмен колан кован ѓердан. (М. Р. , п. 180)

Со лирските паралелизми, освен тоа што се потенцира основното во кажувањето на народниот творец, како што пишува Л. Каровски, се постигнуваат и други ефекти. Имено, со нив се постигнува посилен интензитет на чувствата, тие на стиховите им даваат поопределена, похомогена тоничност; благодарение на нив поцврсто се поврзуваат разните мотиви во песната во една поизразита целост и со помош на тој т.н. формален начин...[25)]

Во мариовските народни песни што ги имаме на разгледување, евидентна е и честата употреба на <u>р е ф р е н о т</u> којшто се состои во повторувањето збор, група зборови, но и цели стихови, па и строфи. Со таквото повторување народниот пејач ѝ дава на песната семантичко-емоцинална тежина, а освен тоа ја продлабочува и нејзината рефлексивна носивост.

Во оваа поезија ги наоѓаме и почетниот (запевот), и сврзниот, односно средниот рефрен (впевот) и завршниот рефрен (припевот). Зборовите што играат улога на рефрен се подбрани. Тие поседуваат најсилна емоционална, семантичка обоеност,[26)] а можат да имаат и друга определба.

Посочениве примери ќе ни го потврдат тоа:

Девојче тенко, високо, аман-аман!
Не ситни ситно пред мене,
Не кревај мегли правови, аман-аман!
Доста се мои дертови![27)]
Кај да ја турам и твоји, аман-аман!
Кај да ја турам и твоји?- (В. Р. , п. 31)

Или:

Моме, блазе тебе, тешко мене!
Моме, јоти спиеш до зората,
Моме, до зората, пред сонцето,
Моме, до мајка ти, при тетка ти!
Моме, јеми јаз сум, јаз сирома:
Моме, сав ноќ одам, сав ноќ шетам,-
Моме, јовчари ме волко чинат,
Моме, стари баби вампир чинат... (В. Р. , п. 32)

Или:

Сретна моме под градо,
Сен ѓузел, бори!
Во градските ливаѓе. (В. Р. , п. 127)

Или:

Жали, моме, да жалиме,
Како ће се разделиме, еј моме!
Ти од мене, јаз од тебе, еј моме! (В. Р. , п. 45)

Или:

Кога легнав, моме, лога заспав,
Кога видов, моме, до два сона,
Сон за тебе, моме, сон за мене:
Ти се стори горска јаребица,
Јаз се стори, моме, сиво сок'ле! (В. Р. , п. 29)

Рефрен од еден, но и од два збора на крајот на стихот наоѓаме кај Ристески во песните: „Крсти си носам" (бр. 1), „Леле Јано Малешевко" (бр. 95), „Ајде на оро Кадан Тодоро" (бр. 97), „Дошол си Јове од овци" (бр. 99), „Седнала Ката Леринка" (бр. 103), „Таврали млади Стојане" (бр. 107), „Јанко трева коси" (бр. 119), „Накачила Неда горе по реката" (бр. 121), „Недо мила мнуко",(бр. 122), „Заплакала Анѓа во гора зелена" (бр. 135), „Леле ми леле Велигден" (бр. 137), „Милка болна лежи" (бр. 138), „Бог да бие Милко" (бр. 140), „На то моме на ти" (бр. 151), „Ките ле моме Ките ле" (бр. 254).

Во редот на фигурите, изградени врз повторувањето, се вбројува и <u>словенската антитеза</u> која што на песната ѝ дава извонредна убавина. Таа е наречена словенска, бидејќи дошла до израз подеднакво и во народните и во уметничките поезии на сите словенски народи. Со неа многу често почнуваат епските народни песни, но исто така, се среќава и во лирските и во лирско-епските песни. Преку словенската антитеза народниот творец се стреми да постигне драматичност во кажувањето; потоа импресивност, впечатливост и полесно се објаснува, главно, основниот настан и понатаму содржината на песната може да се следи помирно,[28)] а освен тоа со неа се предава и психичката состојба на личностите. Во песната „Дошол си Јове од овци" (М. Р. , п. 99) сестрата го прашува братот Јове:

-Што си ми Јове ее насрден
Налутен брате ее насрден
Дали ти стадо ее умрело
Дали ти волкот ее изело
Дали ти пците ее збеснаа?

Потоа во песната доаѓа одговорот на братот. Тој негов одговор, всушност, претставува негирање на сестриното нагаѓање:

-Дејгиди сестро ее Марије
Нити ми стадо ее умрело
Нити ми волци ее изеле
Нити ми пци ее збеснале

По овој одговор следува точниот, вистинскиот одговор од негова страна од кој може да се согледа причината за неговата психичка состојба:

Пушти ми Копра ее прилепска
Не ми ја мене ее дадоа
Дадоа ми ја ее другар ми
Другар ми ее млади Стојана.

Како што се гледа, при изразното средство словенска антитеза се забележуват три основни члена. Првиот член го опфаќа прашањето (заедно со претпоставката, тезата), вториот дава негативен одговор на него, на поставеното прашање, а третиот го искажува вистинскиот одговор, т.е. тој член претставува антитеза на првиот член.

Словенска антитеза сретнуваме и во песната „Натема те мили синко" (М.Р. , п. 25) преку која народниот поет го предава копнежот на момчето (во овој случај синот) кон девојката која му побегнала, се омажила за друг избраник од друго село:

Сите киски расцветале
Ѓурѓа киска повенала
Дали Ѓурѓа болна лежи
Дали Ѓурѓа е свршена

-Ниту Ѓурѓа болна лежи
Ниту Ѓурѓа е свршена
Туку Ѓурѓа побегнала
Побегнала Градешница
Градешница кај Гулевци.

Ја приведуваме за пример и песната „Невесто мори Митано" (М.Р. , п. 270), којашто целата претставува разгранета словенска антитеза. Значи, ова изразно средство во овој случај ја презело целосно нејзината носивост:

Невесто мори Митано.
Шчо кротко одиш на вода
Дали ти тежат стомните
Дали ти тежат гривните
-Нити ми тежат стомните
Нити ми тежат гривните
Туку ми тежи меракот

Меракот ми е Битола
Во тие темни ѕандани
Во тие тесни долапи
Со дрибен синџир на гуша
Со тесни белеси на раце
Тешки тумрузи на нозе

С-овенска антитеза наоѓаме и во песната „Црни затворници од Маријово" (В.Р. , п.59) во која е вплете и условниот начин:

Кој војводи беа, бабо,
Кој комити беа?
Дали дедо-Коло, бабо,
Дали Толе-паша?

Ни војводи беа, аго,
Ни комити беа;
Тоја ми беа, аго,
Црни затворници!

Ако ли ме питаш, аго, ,
Ако ли ме питаш?
Право ќе ти кажам, аго,
Нема да те лажам!

Црни затворници, аго
Црни затворници,
Тријес и два мина, аго,
Црни затворници!

<u>Градацијата</u> (според латинскиот збор *gradatio*, степенување) претставува стилско изразно средство со кое се редат едноподруго (се степенуваат) чувства, мисли, претстави, во зависност од нивниот интензитет, односно според нивната јачина. Степенувањето на значењето, мислата или емоцијата може да оди заедно. Последната претстава при градацијата, секако, е најсилна, а ја содржи и основната цел на дејството или состојбата што се градира:[29)]

Да умреме во темни зандани
Кај што има вода до колена
Кај што има коски од јунаци
Кај што има змии и гуштери. (М. Р. , п. 125)

Градацијата е мошне изразита флексибилна фигура, а тоа ќе рече дека таа на творецот му овозможува различни начини на приод кон предметот што се прикажува за да се опфаѕи истиот посликовито иподоживеано. За нижење на чувствата, поимите, изразите, односно на претставите од слаби кон најсилни постои назив климакс (според грчкиот збор klimaks-степеница).[30] А за тоа пак, кога чувствата се нижат надолу, од најсилни кон слаби, се користи називот антиклимакс.[31] Градацијата не само што го зајакнува емоционалниот израз, туку „делува и како украс и како елемент кој ја продлабочува мислата и пораката."[32]

Тргнувајќи од предметот што се градира, може да се зборува за градација на дејството, градација на ситуацијата (расположбата), градација на количеството и сл.[33]

Даваме пример на градација на состојбата:

Тук те најду на сред село
Кај ми водиш до три танци
Први танец млади момци
Втори танец млади моми
Трети танец сè невести
Сè невести водичарки.
(М. Р. , п.96)

Еве примери на градација на дејството:

Кога чула џан Селимка
Си облече бело руво
Бело руво Џаферово
Си закачи чифт пиштоли
Чифт пиштоли Џаферови
Си наметна танка пушка
Танка пушка Џаферова
Та си собра силна војска
Силна војска Џаферова
Си излезе планината
Го начека Џафер бегот
Му птсече руса глава
Руса глава Џаферова.

Или:

Прва гора носи бела перунига
Втора гора носи белата лозница
Трета гора носи зелениот бршлен (М. Р. , п. 213)

Посочуваме примери на градација на количеството:

-Ако е Рустим малечок
Барем ќе бидеш богата
Куќите му се сараи
Дворои му се чаири
Овците му се булуци
Коњите му се ергеле
Парите му се неброени. (М. Р. , п. 199)

Или:

Првата година кутивче си купил
Кутивче си купил од петнаесет гроша
Втората година чевли су ѝ купил
Чевли су ѝ купил од педесет гроша
Третата година фустан су ѝ купил
Фустан су ѝ купил аршин од сто гроша
(В. Р. , п. 199)

Или:

Посакало големи тајими:
Девет кила белата пченица,
Девет вурни бели леб за луѓе,
Девет крави, крави јаловици;
Ајде, друго, једној малој моме,
Малој моме за ноќе лубење.
(В. Р. , п. 12)

Во поетската сфера на Мариово, покрај интонационо-синтаксичките изразни средства, фундирани врз повторување, честа употреба наоѓаат *фигурите за обраќање*. Овие фигури настануват во случаите кога народниот творец се обраќа кон некого со цел да го изрази на тој начин својот чувствен однос во врска со она што претставува предмет на неговото кажување. Освен тоа, преку овие фигури тој прашува за нешто, моли за нешто, заповеда, па дури и проколнува, односно директно се обраќа кон објектот за да ги задоволи конкретниот интерес и својата желба.

Во редот на особено раширените интонационо-синтаксички средства се вбројува е к с к л а м а ц и ј а т а, т. е. извикот. Всушност, ексклмацијата не е ништо друго, туку употреба на извици со коишто народниот пејач си зема за задача да го изрази својот однос на чувство кон објектот за кој пее. Како ексклмации се јавуваат извиците: ој, леле, ајде, еј, мори, море, ајте, ај, хај, дејди, бре итн. Каровски подвлекува дека „Ексклмацијата има воведна улога, т. е. таа, пред сѐ, ќе биде предмет на неговото кажување.“[34)]

Примери:

Ем со дзвезда Марко говореше:
„Ој ти ти дзвездо, дзвездо Квечернице,
„Висок стојеш, бре, далеку гледаш,
„Дали има појунак од мене?“ (В. Р. , п. 3)
„Ој, девојко, јубава девојко,
„Ајде двата да се залубиме!“-
„Дејди, царе, царе Сулијмене,
„Колај бива за да се лубиме;
„Да замешаш девет кила жито,
„Девет кила секакви семиња,-
„Да замешаш и да ја излачиш!“ (В. Р. , п. 10)

„Ој, невесто, мило добро моје,
„Али слуга сакаш да те служам,
„Али свеќа, авеќа ќе ми светлиш?“
(В. Р. , п. 22)

-Еј Никола ти помало братче
Ти да одиш по Јанино поле
Јас ќе одам през Јанина гора
Кој прв стаса Јанини чаири
Тој ќе земи убава Јана.

Леле, Јано Малешевко, леде
Еднаш дојду ваше село, леде
Тебе те најду на сред село, леде
Кај ми водиш до три танци леде
Први танец млади момци, леде
Втори танец сѐ невести, леде (М. Р. , п. 95)

-Леле мале, леле мила мале
Не е болка мале не е треска
Туку ми е мале голем мерак
До што виду сете 'и залуби
'И залуби ниеден не зеду (М. Р. , п. 205)

А п о с т р о ф а т а е, исто така, еден вид обраќање, насочено кон самиот објект на кажувањето:[35)]

Тувидане, купидане грмотрне
Кој те тебе носи бело носи:
Кој те тебе не носи црно носи (М. Р. , п. 152)

-Ристосе Боже мој мили татко
Слуга ми падна од десна рака
Ниту слуга ми се искршила
Ниту вино ми се истурило. (М. Р. , п. 198)

Кало Калко ти мила ќерко
Кало Калко ти дива свињо
Кало Калко ти коњска муво
За плет да се држиш
Катран да просериш (М. Р. , п. 271)

„Невесто, око калешо,
„Не седи близу до река
„Реката ће ми дотечи
„И тебе ће те поноси! (В. Р. , п. 48)

Оздола идат, Митро,
Оздола идат,
Оздола идат, дилбер,
До трој'ца аги! (В. Р. , п. 53)

Недо мила мнуко
Бела перуниго дооо
Сина темјанушко
Сребрена верушко дооо
Ситна трепетушко. (М. Р. , п. 122)

Во песната од мариовските простори, сосема природно, е присутна сугестивната фигура, наречена <u>и н т е р о г а н ц и ј а</u>, до која се доаѓа кога народниот поет ќе постави прашање:

Он ми шетал жолта Баздрибана,
Он ми шетал по белите кули,
Он ми шетал, сам се разговарал:
„Оти немам једна мила мајка,
„Да ми седи во шарени кули?
„Оти немам једна мила сестра,
„Да ми мети 'вија бели кули?
„Оти немам убава невеста,
„Да ми шета по шарени кули?"

Интерогацијата тука е дадена во вид на градација и гледаме дека исказот во неа е поставен трипати како прашање.

Со интерогацијата народниот творец сака понекогаш да ги воведи слушателите (читачите) во душевната состојба на личноста за која пее:

Ој ти Трно ластар Трно
Зошто ти е бело руво
Кога стројник не ти иде
Сто кошули бубакерни
Сто педесет коприпени? (М. Р. , п. 69)

По ова прашање ластар Трна се расплакала, набрала суви дрва, навалила силен оган и го изгорела белото руво.

Интерогацијата како фигура е наменета и за искажување на љубовна заинтересираност. Кажувачот (пејачот), дознавајќи дека кај саканата девојка отишле стројници, ѝ се обраќа, користејќи ја интерогацијата:

Девојко, бела Марије,
Што синоќ многу седовте,
Што мили гости имавте:
Али ви беја родинина?
Али ви беја стројници? (М. Р. , п. 38)

Во песната „Мори моме мало моме" (М. Р. , п. 184) момокот ѝ се жали на девојката дека татко ѝ не му дал ништо руга за измеќарувањето и притоа, за да ѝ го соопшти копнежот што му тежи на душата, ќе употреби интерогација:

Дали руга ќе ми дади
дали тебе ќе те дади?

Како одговор на интерогацијата „Што ќе вечер вечераме?“ во песната “Според пуста сиромаштија маријовска“ (В. Р. , п. 63), народниот пејач кажува што ќе се вечерало првата, втората, третата, четвртата, петтата, шестата вечер. Всушност, тука интерогацијата е употребена за да побуди интерес кај слушателите (читачите) за она што следува понатаму во развојот на песната.

Има примери кога народниот пејач ја користи интерогацијата повеќепати за да ја обликува докрај народната песна. Така е тоа во песната „Калино, кадано!“ (В. Р. , п. 54) каде што интерогацијата е употребена трипати.

Интерогација среќаваме и во борбените (револуционерните) песни од мариовското славно минато.

Кој' војводи беа, бабо,
Кој' комити беа?
Дали дедо-Коло, бабо,
Дали Толе-паша? (В. Р. , п. 59)

Во печалбарската песна „*Јаз ќе си јодам на мој вилајеш!*“ (В. Р. , п. 46) младата невеста, држејќи го за узда коњот за потковување на својот маж „назлан Димитри“, претчувствува дека тој ќе ја напушти неа и ќе замине на печалба, а тоа нејзино тешко и болно сознание наоѓа израз во интерогацијата: „Каде ми думаш / „Ти да ми јодиш, / „Назлан Димитри?“.

Покрај ексламацијата, интерогацијата, мариовската народна песна ни дава примери и на други структурални единки на интонационо-синтаксичкиот слој на поетскиот јазик, како, да речеме, *молбаша, зайоведша, условош и клеш-ваша.*

М о л б а т а како структурална единка се јавува во оние случаи кога народниот поет се обраќа кон некоја личност (или кон некои личности) за да ја задоволи својата желба или намера по пат на разбирање или согласност. Тој дозволува молбата да ја искажат честопати и други личности, потоа некоја билка (цвеќе) и сл.

Искажаната молба во песната „Санок девојка седела“ (М. Р. , п. 8) ѝ дава интонациона носивост на целата песна; односно преку таа молба кон Бога девојката го изнесува отворено копнежот по овчарот во кого е силно заљубена:

Санок девојка седела
Санок си Бога молила
-Биди ми Боже ведрина
Падна ми слана голема
Овчар стадо да не отпушти
Да си појдам кај него
Да му пребројам стадото
Да му видам веѓите
Да му земам очите.

Во песната, пак, „Изникнал е ѕелен здравец“ (М. Р. , п. 39) е упатена молба од цвеќето здравец до момите, што, исто така, ѝ го дава основниот тон на песната којашто ни го предочува и здобиеното искуство што го поседува творецот во однос на цвеќето:

Здравец им се церно моли
-Не корнете коренчиња
Берете ми ливчињата
Пак на пролет ќе изникна
Ќе изникна ќе порасна
Тогај дојте пак берете.

Заповедниот начин, спореден со молбата, се користи за да му даде спротивна интонација на поетскиот исказ.[36] Заповедот може да биде искажан во блага форма, а тоа е кога рој има советодавен карактер; може да биде изречен поостро, па дури и многу остро. Поправо, во каква форма тој ќе биде искажан, зависи од целта што треба да се постигне со него.

Заповед во блага форма:

Не плачи девојко на жали
Погледај на десно татковата рода
Погледај на лево мајкината рода. (М. Р. , п. 242)

Или:

Не срами се ја зете ле
Земи лајца поголема
Сркни чорба ја зете ле
Сркни чорба пресолена. (М. Р. , п. 241)

Во песната „Се скарале две мили братчиња" (М. Р. , п. 205) убавата девојка Јана, кога забележала дека по неа доаѓаат две рала сватови, за да ја смири својата вчудовидена мајка од тоа, ѝ вели дека нема да дозволи да загинат двајцата браќа (зетови); дека таа ќе ја преземе улогата на помирување; дека ќе ги дарува, и сватовите, и двајцата зетови, и деверите, и нунковците, па при тоа на мајка си ќе ѝ дофрли во форма на блага заповед:

-Тоа ли го гајле береш
Посегни ми свилени цепови
Извади ми сребрени клучеви
Отклучи ми шарени ковчези
Извади ми свилени дарови
Ќе дарува китени сватови.

Други примери со блага заповед:

Дојди, ќерко, дојди,
Кај мајка на гости! (В. Р. , п. 30)

Или:

Славејот вели говори
-Слушајте мало големо
Дури сте моме при мајка
При мајка моме при татко
Одете моме наодете се
Пејте моме напејте се. (М. Р. , п. 11)

Врзаниот „Марко Кралевина“ од пројунакот Митре Тироќанче, кога успеал да се ослободи од таа заклучена врзаност со помош на младата Мара крчмарица, тој го врзал и го заклучил својот противник, па потоа, клоцнувајќи го, остро му заповедал:

„Стани, Митре, над јунака,
„Твојо сужен срце ми спокоји!“ (В. Р. , п. 7)

Или, белата Неда, кога се соочила со црната чума, којашто ѝ барала да ѝ даде лакот платно од тоа што го ткаела против неа, морала да употреби остра заповед-за да ја отстрани:

-Бегај бегај црна чумо
Не ти давам ниту педа
Не да дада лакот платно. (М. Р. , п. 131)

Условниот начин, било да влегува во структурата на словенската антитеза, било да е надвор од неа, како средство на поетско искажување многу придонесува за нијансирање на мислите и чувствата, а освен тоа, со него народниот творец постигнува и поголема релјефност.

Девојчето тенко и високо, кога било опоменато од заљубеното момче да „не ситни ситни“ преднего и да не крева „мегли правови“, зашто му биле доста неговите дертови (копнежи), му одговорило на момчето да си ги собере дертовите во десната пазува, да ги тури во новото градинче и да види што ќе му никне таму. При тоа девојчето своите љубоцни искази ги дава ви условна форма при што истите добиваат ознаки на впечатлива сликовитост:

Јако ти никне ђунђуле,
Јако ти никне ђунђуле, аман-аман!
Џумбус ће правиш со мене!
Јако ти никне босилок, аман-аман!
Босо ќе трчаш по мене!
Јако ти никне тополче, аман-аман!
Топло ће спијеш со мене! (В. Р. , п. 31)

Релјефен пример за условниот начин среќаваме и во варијантата на песната со мотив „Јоти љубиш друго лубе!“ (В. Р. , п. 39). Во неа невестата Стојаница ќе му поверува на мажот дека е чесен и дека не љуби друго либе под услов да ѝ се заколне во своите очи, а не во коњот и во детето коешто е заедничко.

Во песната „Дојди добер јунак и црна Арапина“ (В. Р. , п. 12) младите баздриѓани[37] ќе го задоволат барањето на Дојчиновата сестра под уценувачка условеност:

„Ако н' дадеш твоја јубавина,
„ће ти дајме платно вересија!“

На Ахмет-паша „грдно му паднало“, бидејќи Кратовче Радоња пиел вино во меаната кај бела Петкана, та посакал да фати облог со него, односно му рекол да појде до Ново Брдо и да се врати за еден ден, при што требало да донесе и нишан. Облогот овде е искажан преку условеноста:

„Ако појдиш, назад да си дојди,
„ђе ти дадм ћара ем дућана,
„Ем дућана хиљада дуката,
„Секој декад по хиљаду гроша;
„Ако појдиш, назат да не дојдиш,
„ђе ти земам куќи ем дворови,
„Ем дворови младата невеста,
„Ај, невеста со сем машко дете!" (В. Р. , п. 15)

Во песната „Се запали мал Цели Град" (М. Р. , п. 117) бела Неда не се плаши што селаните сториле збор за да ја фрлат в оган, како жртва за градот што горел од Велигден до Иванден. Таа, тешејќи го својот татко, нејзиното останување во живот или согорување во огинот ќе го услови, зашто:

Ако су си направина
Ќе зароси ситна роса
Ќе изгасне силен оган
..............................

Ако су си на кривина
Ќе повее силен ветер
Ќе распали силен оган.

Присутноста на <u>благословот</u> може да се забележи поретко во песниве што ги анализираме. Благословот којшто претставува говорна формула (некогаш составен дел на древната „позитивна" „бела" магија) се изрекува со желба да му се случи нешто убаво на оној што ни е близок, на оној што се сака и што се почитува,[38)] но тој доаѓа особено до израз при семејните и селските слави, значи при празнувањата, потоа при обичаите на раѓањето, при свадбените обичаи, како и при другите обичаи од животниот циклус на човекот. Поради хуманите вредности и убавината на изразот, благословите се инкорпорирани во народната и во уметничката литература.[39)]

Она што се пожелува при секојдневните поздрави, го наоѓаме и во песните, та ги посочуваме ексцерпираните примери: „Дај Бог добро, Марко Кралевина, / ; Бог помага, незнајна делијо!"-/ Дај Бог добро тебе како мене!"/; Добро утро, двајица вујчеви!"-/ „Дај Бог добро, дете Костадинче, /„Дај Бог добро, добро си нам дојде!" и др. (Примери од збирката на В. Р.).

Водичарската божествена молбена песна „Крсти си носам" (М. Р. , п. 1) што се пее на Машко коледе целата е проникната со импресивни благослови:

Крсти си носам
Бога си молам
Господи помилуј!
Да зароси ситна роса
Да навади сето поле
Господи помилуј!
Да се роди жито и вино
Жито и вино, мед и млеко
Господи помилуј!

По планиње мед и млеко
По полиња жито и вино
Господи помилуј!
Од два класа кутел жито
Од два чевша бочва вино
Господи помилуј!
Од две овци ведро млеко
Од две пчели котел виник
Господи помилуј!
Да се ранат сиромаси
Сиромаси сирачиња
Господи помилуј!

Водичарките од овој крај на излегување од секоја куќа ја пеат песната благослов:

Догледање домаќине
И в година дочекале
Дочекале Свети Јован
Свети Јован со невеста. (М. Р. , п. 89)

Свадбените обичаи, речиси целата свадбена церемонија, како и во сите краеви на Македонија, така и во Мариово, се тесно поврзани со благословот што се искажува за среќа и напредок на брачната двојка и на семејството. Свадбената песна што ја приведуваме претставува еден таков благослов:

Ајте ми со здравје
Китени сватови
Сто мина да појте
Сто еден да дојте. (М. Р. , п. 219)

Во споредба со благословот, <u>к л е т в а т а</u> има спротивна насоченост и таа била секогаш во составот на „црната", негативна магија.[40] Тој што ја искажувал непосредно, во прво или второ лице, или посредно во трето,[41] најчесто во моменти на лутина, верувал дека пожелуваното зло што се искажувало со неа може да се исполни- „да се фати" на субјектот спрема којшто било упатено. „Поетската убавина и сила на клетвата се остварува во изразита емоционална тензија, во експресивноста и во зачуваната древна метафорика и симболика на народниот јазик."[42] Таа нејзина изразена убавина може да се почувствува и од посочените примери на ова творештво.

Нункото во песната „Јанко трева коси" (М. Р. , п. 119) ги колне двете „луди млади" при венчавањето во малата црква, зашто се зеле, а биле „Во една вода крстени / На едно млеко доени."

-Да би родиле
Колку врба грозје ај дооо.

Омажената Ката под влијание на својата мајка, кога се почувствувала несреќна во бракот со несаканото момче, луто ја проколнала мајка си:

-Пукнала мале треснала
Зошто ме мале омажи
За мален Рустин малечок
Малечок мале невреден. (М. Р. , п. 272)

Кога ја слушнала таа клетва, мајката се обидела да ја смири својата ќерка, предочувајќи ѝ ја домашната имотна состојба и сточното богатство, при што таа пак луто проколнала:

-Оган му горел куќите
Пусти му биле дворови
Штури му биле парите

Волкот мо изел коњите
Кога е момче малечко
Малечко мале невредно
Кога си оно легнува
Легнува мале заспива.

Мариовскиот ерген, изложувајќи ја на шега својата сиромаштија, се обраќа до момето со блага заповед за да склучат брак и при тоа изрекува клетва за него, што може да се свати онака, т.е. како шеговит исказ:

Земи ме, моме,
Бого да те земи!
........................
Земи ме, моме,
Реката те зела! (В. Р. , п. 29)

Во хумористичната песна „Стар'јо дедо и јубавата девојка" измамената девојка од стариот дедо (за кого таа мислела дека е нејзиниот ерген) тргнала да бега во зората, заедно со него, но кога видела дека тој заостанува по неа, го проколнала: „Ајде, лудо, нози ти капнале!"

Стојан арамија од Мариово кога се уверил при доаѓањето на пашата дека бил измамен од него за да биде обесен „на ченгели" и кога сватил дека погрешил што не ја послушал својата жена Петкана за да не се озвие на неговиот повик, проколнал за да биде сфатено како поука:

„Клети, проклети да биди,
Кој што си жена не слуша!" (В. Р. , п. 58)

Клетвата ја среќаваме, разбирливо, и во епиката. Кратовче Радоња е проколнат од својата невеста, зашто таа била загрижена за добивањето на облогот со Амет-паша: „Стани, море, Кратовче Радоња, /„Стани, море, да би не стануло! /„Т' отидоа куќи ем дворови. /„Ти отиде твоје машко дете (В. Р. , п. 15). Скоро со иста клетва е проколнат Богдан пијаница од невестата и од коњчето Алдоринче, бидејќи бил оддаден на пијанство и не внимавал на облогот со „жолта Јеврејина" (В. Р. , п. 14). Овде народниот творец ќе изрече клетва и за Шар Планина од којашто тројцата мариовски овчари не се повратиле во Мариово: „Дејди, дејди Шарпланино мори! /Да би ветер гранки ти сокршил, /Да би огањ корен ти изгорел! (В. Р. , п. 25).

Тука, како што нагласивме на почетокот, ние не си поставивме цел да дадеме посеопфатна и позаокружена согледба на поетиката на мариовската народна песна, но и ова што го изложив на овој план сметам дека доволно илустративно и убедливо зборува за богатата инвенција и за креативните можности на народниот гениј од овој македонски регион, кој на песната гледал како на нешто величествено и свето во кое се напластила и радоста и тагата на човекот од мариовските предели во текот на премрежијата од минатите столетија.

Блаже РИСТОВСКИ

# МАРКО ЦЕПЕНКОВ ЗА ПОДВИЗИТЕ НА ДИМЕ ЧАКРЕ, СПИРО ЦРНЕ И ЃОРЃИЈА ЛАЖОТ И ДРАМИТЕ „ПРИЛЕПСКИ СВЕТЦИ“ И „ЦРНЕ ВОЈВОДА“

Прилепскиот писател, преродбенски деец, автодидакт филолог и етнограф и најплоден собирач и писмен интерпретатор на македонското усно народно творештво Марко К. Цепенков е речиси првиот биограф на едни од првите и најпознати револуционери и војводи од Прилепско-мариовскиот крај во втората половина на XIX век Диме Чакре, Спиро Црне и Ѓорѓија Лажот[1], како и на војводата Стефо Николов-Скендер[2] од долнопреспанското село Бесвина што исто така се подвизувал по Мариово. Вистина, една деценија пред него во весниците „Зорница“[3] и „Балканъ“[4] проговори за нив и Димитар Ризов (1883), близок и на самиот Цепенков, па даде и прилично точни и прецизни оценки особено за комитлакот на Спиро Црне и Ѓорѓија Лажот, како впрочем и за целото тогашно револуционерно движење во Македонија воопшто. Исто така, и другиот бугарски, па и воопшто балканскиот печат внимателно ги следел акциите на прилепските комити и војводи. Мошне љубопитни податоци за овие настани наоѓаме и во бугарските[5], српските[6] и руските[7] архиви, а веројатно и во другите што преку своите дипломатски претставници будно ги следеле револуционерните вриења во Македонија.

Притоа треба да се има предвид дека сето тоа се случува непосредно по Руско-турската војна од 1877-1878 година, по Санстефанскиот прелиминарен мировен договор и особено по Берлинскиот конгрес, кога незадоволните Македонци од берлинските решенија одново го дигнаа востаничкото знаме и во Источна Македонија создадоа привремено слободна територија, каде што беше воспоставена и народна власт како нуклеус на слободата на робот. А кога и Кресненското востание[8] беше задушено (не без акциите на соседните претенденти и интересите на големите држави), во време кога војводата Ѓорѓија Пулевски ја објави антиберлинската поема „Самовила Македонска“[9], а во 1879 година и двете книшки на стихозбирката „Македонска песнарка“[10], кога српската влада го испровоцира и го остави во крв да биде задавен пламенот на Кумановско-царевоселското востание, кога во Русе и во Софија беше формирана Македонската лига[11] и беше подготвен „Уставот за државното уредување на

Македонија“ со двете воени инструкции (1880)[12], а во Гремен-Теќе заседаваше Народното собрание на Македонија на чело со војводата од Кресненското востание Стефо Николов-Скендер[13] и беше формирана првата Привремена влада на Македонија на чело со Васил Симов што ја продолжи својата дејност и во следната 1881 година[14], па беше формирана поголема воена македонска сила и се најавуваше масовна ослободителна оружена акција во Македонија.

Следствено, не се работи за осамени и индивидуални разбојници по Прилепско и Мариово, туку за организиран отпор против вековниот угнетувач и за борба за народна слобода. Впрочем, по решение на Прилепската општина и со нејзини средства се организира и се вооружува четата на Спиро Црне за да го ликвидира-турскиот разбојник Ќучук Сулејман[15], додека Диме Чакре и некои негови соборци беа дојдени од доброволечките македонски чети во Руско-турската војна и на градите ги красеа ордените од руската команда за борбите на Шипка[16]. Значи, се работи за свесни борци, револуционери, вклучени во едно движење што имаше националноослободителен карактер и конкретни задачи во организациониот реон.

Вистина, за овие акции имаат доста напишано и Милојко Веселиновиќ[17], Јован Хаџи Васиљевиќ[18], Георги Трајчев[19], како и Ирина Сенкјевич[20], Патријархот бугарски Кирил[21], Љубен Лапе[22], Воислав Илиќ[23], Гане Тодоровскі[24] и други истражувачи, но, ни се чини, сеуште немаме и една пополна претстава и точна историска оценка на нивната национаноослободителна компонента во рамките на целото движење.

Нашата сегашна задача е далеку поскромна во расположивиот простор. Сакаме само да укажеме на некои нови материјали и податоци што можат многу попрецизно, порелефно и покомплексно да ги осветлат некои дејности и личности од оваа историја.

Првите записи на Марко Цепенков за прилепските и другите комити и војводи се објавени во 1895 година. Тоа се сведоштва на очевидец (ако не и соучесник во насатаните), гледани низ дискурсот на еден повеќестрано заинтересиран деец. Познато е дека во 1903 годин, во времето непосредно по избувнувањето на Илинденското востание, во весникот „Автономна Македония“ во Софија, во којшто се рекламираше и излегувањето на Мисирковата книга „За македонцките работи“[25], во продолженија беше објавуван текстот на драмата „Църне войвода. Историческа пиеса въ петь акта изъ македонския животъ на мак. говоръ“[26]. Весникот е запрен пред да доизлезе и петиот чин од драмата што сигурно постоел, независно од фактот што и вака драмското дејство е завршено и „сè е решено логично и позитивно“, како што констатира В. Илиќ и се согласува Г. Тодоровски[27]. Тоа е сепак една „драма-расказ, незавршена како текст, но оформена како мисла и акција“, како што укажавме и во 1972 година[28].

Меѓутоа, кои се непосредните побуди за Цепенков да ја напише својата драмска творба? Досега се укажуваше на примерот со „Македонската крвава свадба“ од В. Чернодрински и се правеа паралели со песните за Спиро Црне, Ѓорѓија Лажот, Диме Чакре, Тоде Бочварчето и Коне Павлев. Сосем нови ос-

ветлувања прават новите сознанија што ни ги даваат текстовите на драмата „Прилѣпски светци. Трагическа игра въ три д йствия съ епилогъ“ од бугарскиот писател (со извесно македонско потекло) Антон Страшимиров што излезе од печат кон крајот на август 1900 година во Софија во издание и со средствата на Врховниот македонско-одрински комитет (понатаму: ВМОК) под претседателство на Борис Сарафов. Имено, во протоколот бр. 15 од заседанието на ВМОК од 29. VIII 1900 год. (како заклучок по третата точка) стои:

„Г/осподи/н Антон Страшимиров предложи да му ја подари на Комитетот неговата пиеса ‘Прилепски светци’, при што Комитетот ќе ја преземе грижата за нејзиното напечатување и распространување, која пиеса да имаат право да ја претставуваат само македонско-одринските друштва. Притоа г/осподи/н Страшимиров остави на Комитетот да му ја определи наградата што му следува.

Земајќи предвид дека пиесата ‘Прилепски светци’ е единствената со сижет чисто од животот на македонскиот роб и дека нејзиното распространување, како и нејзиното претставување на сцената можат да послужат како средство за пропагирање на идејата, се реши:

Да се отпечатат засега (3000) примероци од оваа пиеса, со препорака до друштвата за нејзино претставување на сцената, а на г-н Страшимиров како награда за овој негов труд се определи да му се дадат (2000) лева.“[29)]

Веќе во протоклот бр. 17 од 1.IX 1900 год. ВМОК решава: до друштвата „да се испратат и ‘Прилепските светци’ со препорака за нејзино претставување на сцената како пиеса прва по опишувањето на животот на робот и која би послужила како средство за пропагирање на идејата.“[30)]

При сето тоа треба да се има предвид дека Антон Страшимиров (заедно со Гологанов) беше уредник на органот на ВМОК „Реформи“ (иако како редактор се потпишува кукушанецот Георги Влахов). Во бројот од 17.VIII 1900 год. како подлисник во „Реформи“ е објавена првата сцена од драмата на Страшимиров со редакциска белешка: „Оваа пиеса е дадена в печат. Сижетот ѝ е од настаните во Македонија непосредно пред ослободителната Руско-турска војна и малку по неа“[31)].

По еден број, на 31 август 1900 год. пак како подлисник, текстот започнува со објаснението: „‘Прилѣпски светци, трагическа игра въ три дѣйствия съ епилогъ’ од *А. Страшимиров*. Оваа пиеса, којашто е прва по својот сижет во нашата литература, и од која ние дадовме во подлисникот на претпоследниот број една сцена, е веќе излезена од печат. На крајот на книгата се додадени белешки за историскиот материјал врз којшто е изградена пиесата. Ние ќе го искористиме случајот да ги предадеме овде тие белешки што сведочат за прекрасната сценичност на сижетот, како и за оние непознати за бугарската јавност тревожни бранувања во оставениот во ропство дел на нашата татковина што време е веќе да го проучиме и да го оцениме“.[32)]

И се пренесува целиот текст од последните страници на книгата, каде што се предаваат основните податоци за настаните поврзани со Диме Чакре,

Мијајле Прце (брат му на Диме Чакре), Тоде Бочварчето и Црне војвода, со редакциската белешка на крајот: „'Прилепски светци' е издадена од Врховниот комитет и им е препорачано на сите македонско-одрински друштва да ја постават на сцената, како целно средство за популаризирање во јавноста на македонско-одринската ослободителна кауза".[33])

И како конечно објаснение на енигмата доаѓа решението од протоколот бр. 33 од 24 октомври 1900 год., каде што изречно се вели: „Да му се дадат 40 лева на Цепенков како награда за материјалите што ѝ ги остави на располагање на Редакцијата на в. 'Реформи'."[34])

И дури во протоколот бр. 58 од 16 декември 1900 год се наведува: „За отпечатувањето на пиесата 'Македонска кървава свадба' да му се помогне на нејзиниот автор Војдан П/оп/георгиев со (100) лева"[35]), додека во протоколот бр. 66 од 20. I 1901 год. се кажува дека во времето на Божиќните празници Македонската театрална трупа во Пловдив ја прикажала пиесата „Македонска крвава свадба".[36])

И како конечно објаснение доаѓа подлисникот во весникот (во четири продолженија) под наслов „*Спиро Църне*" (12. X - 13. XI 1900) со потписот на крајот на редакторот *А. Страшимировъ*[37]).

Карактеристично е што сижетот на текстот на драмата „Прилепски светци" сосе „белешките" за комитите и фељтонскиот текст во весникот „Реформи" (од перото на Страшимиров) речиси наполно се совпаѓаат со порано формулираните белешки на Марко Цепенков од 1895., во песните што очевидно самиот тој ги интерпретирал и креирал и во драмата-расказ „Црне војвода" од 1903. Сето тоа е направено пред објавувањето (веројатно и пред напишувањето) на „Македонска крвава свадба" од Чернодрински, иако и драмата „Прилепски светци" беше на репертоарот на Македонската театрална трупа „Скрб и утеха" на В. Чернодрински. Значи, драматизираниот расказ за настанот со поп Цеко и смртта на четворицата комити во Прилеп на Велигденот, како и заплетот на драмското дејство со односот на Ѓорѓија Лажот со посестримата Тода во Гуѓаково, Марко ги зел од реалниот живот (што добро го познавал) и само врз неговите пишани материјали Страшимиров можел да ја напише и драмата и фељтонот.

Не е јасно и сигурно, меѓутоа, дали драмскиот текст „Црне војвода" Цепенков го имал напишано уште пред 1900 година и дали заедно со описот на настаните и личностите му го дал и него на увид на Страшимиров, па кога видел дека овој го искористил не сосем коректно - ја објавил и својата драма три години подоцна во весникот „Автономна Македония", или пак Цепенков ја напишал својата драма дури откако ги прочитал (и ги гледал како претстава) Страшимировите „Прилепски светци", незадоволен не само од јазикот и интерпретацијата, туку и од националната идентификација? Во врска со последново е мошне укажувачки токму записот од протоколот бр. 46 од 21 ноември 1900 год., каде што (во присуство на специјално повиканите на седницата редактори Гологанов и Страшимиров), Сарафовиот ВМОК (по разгледувањето на проблемот) изречно заклучува:

„Бидејќи во некои од статиите објавени во последните броеви на органот в. 'Реформи' како да се забележува една доследност и една неопределеност во изразувањето на мислите и желбите како на Комитетот посебно, така и на Организацијата во целост, а особено се согледува извесен шовинистички бугарски поглед што не е во согласност со духот на 'Статутите', па затоа од сите се изразува желбата - при третирањето на таквите прашања од капитална важност преку комитетскиот орган мислите и размислите да бидат поопределени. Особено да се избегнува да се даваат случаи за нашите противници да нè обвинуваат за шовинистички стремежи."[38]

Освен тоа, прави впечаток и јазикот на драмата „Прилепски светци". Очевидно, Страшимиров не го знаел, ниту можел да го владее македонскиот јазик. И покрај напорите да се внесе извесен македонски израз во јазичниот идиом што е употребен, тоа е далеку и од прилепскиот говор и претставува неуспешна и безживотна конструкција што дури и за читање не е прифатлива. А тоа Цепенков најдобро можел да го почувствува. Весникот „Илиндень", непосредно по убиството на Б. Сарафов, меѓу неговите заслуги го наведува и податокот дека тој не само што не се спротиставил да се создава литература и театар на македонски јазик, туку и самиот го помагал на секој начин овој процес, па така, меѓу другото, го ангажирал и бугарскиот писател А. Страшимиров (со помошта на Ѓорче Петров!) да ја напише драмата „Прилепски светци" на прилепски говор, за кое Сарафов му платил 2.000 лева хонорар.[39]

Навистина, во тоа време Ѓ. Петров беше член на ВМОК, па учествуваше и на седниците кога се донесуваа решенијата за ангажирањето и плаќањето на Страшимиров, но дали и колкаво е неговото учество во подготовката на текстот на оваа драма - засега останува за идните истражувачи. Со сигурност може да се тврди, меѓутоа, дека драмата е пишувана според писмено доставените (и платени од ВМОК) материјали и усни информации од Марко Цепенков. Впрочем, на две места и самиот Страшимиров во белешките го спомнува неговото име како извор.[40]

Во постојните извори има голема мешаница во датирањето на велигденскиот настан во Прилеп и акциите и смртта на главните актери. Самиот Цепенков зборува за комитите од 1879 до 1894 година[41], кога очевидно е пишуван неговиот придружен текст со песните. Но кога ги прави белешките за четата на војводата Чакре, нејзиното дејствување временски го лоцира во 1880-1881 година[42], кое го потврдува и во врска со песната за Ѓорѓија Лажот дека самоубиството на Диме Чакре и другар му се случило „на сам ден на Велигден во куќата на Кондовци во 1880-1 г."[43]. Неговиот помлад сограѓанин Г. Трајчев исто така пишува дека Диме Чакре бил прилепски војвода во 1880-81 год., спомнувајќи го и неговото учество во Руско-турската војна пред тоа[44]. Но на едно место тој наведува дека Ќучук Силиман бил убиен „во летото, на Св. Илија 1880 г."[45], а на друго место пишува дека Лажот „се подвизувал со оружје во рацете уште пред убиството на Ќучук Сулимана - 1879 г."[46]. И тој вели дека четворицата комити влегуваат во куќата на Јована Кондев во Прилеп „на првиот ден на Велигден 1881 г."[47], додека за загинувањето на Спиро Црне Трајчев

пишува: „Зимата Спиро Црне се прибира во Србија. Во почетокот на пролетта на 1881 г. тој организира дружина, во тој број и Диме Шикев, и тргнува за Прилепско. Минувајќи ја турската граница, биваат предадени од игуменот на манастирот 'Св. Отец'. Спиро Црне паѓа убиен, а Шике се спасува и избегува во Србија, каде што умрел во Врање. Трупот на Црнета бил донесен во Куманово за показ.“48)

Во еден опширен извештај на Милош С. Милоевиќ до српскиот министер за надворешни работи од 3 мај 1881 година во врска со велигденските настани во Прилеп се вели дека на 12 април, спроти Велигден, и на првиот ден на празникот „власт турска у Прилепу, опколив изненада кућу једног Србина, исту, пошто је погинуло од стране Турака њих 7-8 и пошто су добили телеграфну дозволу од Валије из Битоља, - спасле и у њој 2730* два Србина, и 2732 два рођ ена брата опет Србина, тејући се спасти од ватре, погину од куршума турских пред самом том кућом. Турци су ово учинили што су тобож погинула 4 Србина били у усташама, па дошли кући да се преобуку“49).

Во друг извештај пак од 4 мај 1881 год. Милош С. Милоевиќ го информира министерот дека му ја испраќа во прилог „молбу старешина усташа правосрпских из нахија: Кумановске, Криворечке, Кратовске, Кочанске, Штипске, Велешке, Прилепске, Битољске, Охридске, Кичевске и Скопљанске“ и смета „да би молбу њихову ваљало што пре, најподпуније и тачније изпунити, јер ако се ово не учини, онда ће непрестано добро снабдевене и оружјем добрим с мартинкама и муницијом, и оделом и новцем, а састављене махом од Срба, из разних крајева српских, слате из Бугарске чете у горње нахије и околне им, а под надзором владике им бив. охридског Натанаила, скопљанског Кирила, пиротског Евстатија и других, бугарским државним властима, - савршено угушити народност српску у Правој Србији, и те земље прогласити, као што су већ и учинили, за бугарске, и о томе целу Европу и свет уверити“. Притоа овој познат деец на српската национална пропаганда ја изразува и готовноста да се стави на чело на овие 65 востаници и оценува „да је ово једна од највећих наших добитака, кад смо лане употребљавали сва средства само да их обрнемо нама, па све узалуд, и да ову ствар не би требало олако узети и преко ње равнодушно прећи“50).

Молбата од Врање од 14 април 1881 год. со 65 потписи, на чело со Спира Црневиќ, Ѓорѓија Лажовиќ, Михаило Чакре, Анѓеле Стевановиќ и Диме Шиќе од Прилепската нахија, е упатена „Родољубивом Господину Милошу Милојевићу и бив. Команданту Моравско-Добричког и Рашко-Ибарског Доброваљач.-усташког кора, III. Студеничког баталиона и бив. Команданту Тежевско-Ибарског усташког Кора“, во која „у име народа“ од овие нахии, на еден не сосем правилен српски јазик (пишуван сигурно од некој од македонските емигранти во овој град, како што е спомнатиот Баџовиќ), го молат да издејствува од кралот и од српската влада:

„1. Да нам се бар 1000 комада пушака острагуша са потребном и одговарајућом количином муниције стави овде у Врањи или где се за добро нађе, на расположење, да то оружје и муницију можемо увек слободно кренути.

2. Да нам се дозволи тајно преко границе отуд и одовуд прелазити, баш онако исто, као што се то допушта нашим људима из Бугарске, те ова наоружана и спремљена Бугарска шире у народу као што смо били и ми, без свата и свог сазнања идеју бугариску, а на штету нашег јадног и кукавног народа.

3. Да нам Висока Влада одреди Вас, а Ви још које хоћете од Вами, из Кнежевине, за управљача овде при одправљању изван границе Кнежевине, а у случају озбилнијег рада и за Команданта нашег; јер не само да сте Ви послане наше другове од Стевана Поречанина прошле јесени до Вас, окренули их, а преко њих са осталим овде познатим родољубцима као Г. Г. Баџовићима и т. д. и нас на прави и чисти српски пут, те смо се отресли оне куге и зла бугарског, одказали њихов новац, опрему и оружје, назвали се 'српски комити' за разлику од оних излазећих из Бугарске, који се зову 'бугарска комита', него у Вами јединим имамо подпунце вере, и као човека који је једини пропутовао кроз наше крајеве, први нас обавестио и освестио да смо чисти и прави Срби, а земља наша права Стара Србија, Кралица и Царица,и који је у оба прошла наша рата, као што смо чули и дознали, онако славно и сретно војевао.

Да ћемо све само оно онако нам се од Вас, заповеда и онолико радити колико то иде у прилог Српске народности од Марице па до синег мора и од плота Кнежевине па до Белог Мора.

5. Да ћемо од сада морати по нашим нахијама, докле будемо ми допирали и наши пријатељи и познаници; амо идеју ослобођења и уједињења свеколиког Српства, под једном народном владалачком лозом наших славних и дичних Обреновића, као наследника наших светих и славних Немањића, који су били из наше Неманице у Штипској нахији.[51]

6. Да ми, од сада, као што и нисмо од Вашег прошле јесени упутства, никога више слушати, и никоме се више обраћати до једино нашој милој и светој Мајци Кнежевини Србији.

Да Ви можете, властни сте, а и дужни, као једини наш заштитник и добротвор, по свим европским новинама, обзнанити и објавити: да је све оно сушта лаж и измишлотина, што је по европским новинама од стране Бугара, и у њиховим бугарским новинама, печатано, да су као бајаги бивши усташи наши - у Кочанској, Криворечкој, Кумановској, Кртовској, Штипској, Велеској, Прилепској, Битољској, Охридској, Кичевској и Скопљанској нахији - Бугари и усташи бугарски.

То је сушта лаж и обмана, јер тамо није било ниједног бугарина осим, што су они некима давали пари, оружје и друге опреме; то су све били чисти Срби из тих нахија, Кнежевине Србије, Црне Горе, Босне, Аустро-Угарске, Влашке и т. д.

8. Да ћемо ми све то нашим имањем, нашом чељђу, нашим главама и животима пред целим светом, нашем милом и драгом Величанственом Краљу Милану М. Обреновићу IV, нашој Величанственој предрагој Мајци Кралици Наталији, и нашем пунонадеждном Наследнику престола Његовој Светлости Александру, потврдити и посведочити".[52]

Меѓутоа, во истиот ден кога М. С. Милоевиќ му го праќа овој документ на министерот, придружен и со една високопоставена непотпишана препорака[53]), на 4 мај Милоевиќ му испраќа друг извештај во кој го известува дека само три дена по потпишувањето на овој акт Спиро Црне со својата чета бил разбиен уште влегувајќи во Македонија. Милоевиќ пишува:

„Прошлог (Априла) 19. месеца, познати већ Господину Министру, из мојих ранијих извештаја, главни, прилепских усташа, старешина Спира Црњевић, на позив својих тамошњих другова, са 15 својих доглавица, прешао је био на границу, и више Манастира св. оца Прохора Пчињског одсео био да се одмори и руча. Околни стражари низами, дознав однекуда за ово, в(а)дом, онако ручајуће и седеће, опколе их изненада и нададу паљбу, од које погине Спира са Јованом Шишком и још једним младићем; а остали се разбегну куд који. Од низама погинуло је њих 6 и 6 рањено. Баш кад је један дошао био, да рањеном и већ издишућем Спири одсече главу, овај зграби низама за јабучицу и ову му изчупа, од чега је и тај низам на месту умро.

Главу Спирину, Јованову и оног младића, са њиховим црвеним срмали јелецима, горњим хаљинама и сатовима, држала су набијене 4-5 дана на шиљковима, ради показа истих свету, у Куманову, метнув им још иза ушију по једну савијену цигару.

Тако је свршио вођ усташа прилепских, који је повео био да казни једног Прилепчанина, који је издао турским властима усташе поверене му од свог старешине Илије, који је старешина над усташама у помињатој Топлици и Жељезничкој реци Битољске нахије.

Овај је -додава Милоевиќ за велигденскиот случај во Прилеп - био послао своја поменута 4 војника да узму остављене паре код Прилепца, и да за ове купи хлеба, овај их јави полицији, и пошто прилепски кајмакам није хтео да увече Ускрса српског прави галаму и 'ђурунтију', рекавши и посланом слузи овога, а после и дошавшем самом газди: 'Па џанум, ако ће! Подај им тамо и леба и пара, па нека иду одкуд су и дошли, да не правим ђурунтију баш на ваш Ускрс и да не узнемиравам миран свет, они цару ништа не могу; ако их ја сад не убијем убиће их сутра прекосутра други који Турчин и власт турска па је све једно! Нека и они проживе на свој празник.' Али кад је газда хтео да телеграфише у Битољ валији и у Цариград, да тражи заштиту од разбојника (усташа), кајмакам морао је и сам своје учинити. Спира је, дакле, пошао био само да овог Прилепчанина казни за ову грозну и нечовечну издају, па је, као што је наведено, сиромах пропао са своја два друга."[54])

Сето ова го наведовме за да се види дека не само што не се најпрецизни сите податоци што ги даваат спомнатите автори, делумно и Цепенков, па дека и Д. Ризов во в. „Балканъ" не ги посочува со точност годините, туку дека и изјавите за националната припадност на Македонците во тоа време зависат од местото каде што се декларираат и од целите и интересите што треба да се задоволат.

Димитар Ризов, на пр., вели дека „веднаш по завршувањето на Руско-турската војна од 1876-78 година", веќе во 1879 г. Спиро Црне ја формирал

својата чета, прва во Прилепско, дека тој и лично се сретнал со „тој македонски Ханибал" во „текот на летото 1883-та година", дека Спиро „во текот на пролетта 1882 година сеел паника меѓу турското население во Прилепско - турските мајки ги плашеле своите деца со грозното име на Црне војвода" и дека само „во текот на летото 1882 година тој ликвидирал 30 до 40 Турци" на просторот од „неговото широко царство што било Тиквеш, Мариово, Крушевско, Кичевско, Велешко и Прилепско". За неговата неуловливост и итрина Турците го нарекле „шејтан ону тутмаз". Спиро имал намера дури да собере поголема чета (веројатно и затоа ги барал оние 1000 пушки со муницијата) и „идната пролет да го нападне Прилеп и да ги 'исколе сите таму Турци'". „Со оваа своја последна, одвај ли не авантуристичка мечта, - пишува Ризов - преку зимата на 1883 година тој му ја довери својата чета на другар си Диме Чакрев (исто така прилепчанец), а самиот се упати во Врање за да собира другари. Целата таа зима Црне ја претера во Врање, без да може наполно да успее во својата цел. Идната пролет, само со неколкумина нови едночувственици, тој ја префрли границата за да се соедини со својата чета во Прилепско, но предавничка душа беше ја предизвестила турската погранична власт и на патот околу Куманово тој бидува нападнат од силна потера и како што велат бил убиен откако скастрил неколку глави".[55)]

Значи, фактите се главно тука, но е поместено времето за цели две години.

Д. Ризов дава извесни податоци и за Ѓорѓија Лажот и неговите акции во текот на 1882-1883 година, наведувајќи дека и тој се готвел да го нападне Прилеп[56)]. Само Г. Трајчев ја дава годината 1884[57)], кога и Ѓорѓија Лажот се осилил, станал мошне не само смел, туку и дрзок спрема Турците, но и безобзирен спрема незадоволните од неговиот однос селани, па бил предаден и сардисан од турската потера во куќата на посестримата Тода Тодороска во Вепрчани[58)]. Оценувајќи ја својата безизлезна ситуација, Лажот самиот се самоубил за да не се предаде жив во рацете на Турците (една традиција што потоа прилично масовно ќе биде следена од македонските револуционери во илинденскиот и поилинденскиот период - сè до годините на НОБ). Напаѓачите и нему му ја пресекле главата и надената на прат ја однеле за показ во Прилеп.[59)]

Според тоа, Марко Цепенков во песните, во драмата и во историско-публицистичките записи ја пренел историската вистина за прилепските комити и војводи, користејќи го притоа бугарското национално маркирање во таа средина. Меѓутоа, со српската документација и со своерачно потпишаната изјава на самите главни водачи на ова оружено ослободително движење се потврдува дека вообичаеното бугарско обојување на целата оваа дејност всушност нема историска основа: македонските комити и војводи, заради моментните околности и потреби, кога ќе се најделе во Србија, мошне лесно и без предрасуди исто така го прифаќале и српското име. Се бараше пат кон можниот излез низ спектарот на јасно изразените жестоко преплетени претензии на соседните веќе развиени национални пропаганди во поробена Македонија.



*Крсте Бинов -Даскалов со потесното семејство*

Александар ИВАНОВСКИ - ГЛОГОВИЧАНЕЦ

# МАРИОВСКИОТ ВОЈВОДА ТОЛЕ ПАША - КУЛИЌОВ КАКО ИСТОРИСКА ЛИЧНОСТ

Толе Паша е еден од повеќето самородни војводи што ги дал македонскиот народ во борбата за социјална правда и национална слобода. Живее и се бори во последните децении од 19 век и првите четири години од 20 век. Тој се појавува во времето кога нашиот народ сè уште го прифаќал ропството како своја судбинска предодреденост, па бунтовниците против таа ропска судбина останувале осамени и недоволно организирани за успешна победа над вековниот поробувач.

Но во истото тоа т.н. „Толево време на живеење" македонскиот народ ќе успее да ја осознае потребата од организиран и општенационален отпор против поробувачот. Во одредено време и Толе ќе се појави како човек кој ја осознал потребата од организирана борба против поробувачот, но не би можеле да речеме дека тој е продукт на таа организирана борба. Толе е продукт на својот вроден слободарски инстинкт. Тој самиот доаѓа до сознание дека се родил роб, но не треба да умре како роб. Тој од сè најмногу сака сам да биде господар на својата судбина.

Толе пред сé е продукт на своето време. Неговиот бунтовнички почеток длабоко се вкоренува во една тешка социјална атмосфера за македонскиот народ. Тоа е време кога особено доаѓа до израз осиромашувањето на македонското селанство. Особено доаѓа до израз експлоатирането на селскиот труд. Условите што ги создава еден разбојнички феудализам се првата причина за раѓањето на незадоволството кај бујниот и физички силен младинец Толе Кулиќов од мариовското село Крушевица.

Пишувани податоци за животот и борбените дела на Толе Кулиќов, подоцна наречен Паша, многу малку оставиле неговите современици, а самиот тој не ни можел да остави, бидејќи бил неписмен. Единствените извори за животот и борбеното дело од Толе се спомените од мариовскиот војвода и извесно време секретар на Толе, Крсте Гермов Шакир[1)] и спомените од Ѓорче Петров[2)]. Со право Шакир пишувајќи за Толе, го нарекува велик, но незаборавен[3)]. Особено се оскудни податоците за ајдучките подвизи од Толе.

Толе Кулиќов е самороден војвода како Дилбер Иванче од Гевгелија, Дедо Коле од Леринско и други. Спрема спомените од Шаќир и исказите на поколенијата од неговата фамилија, Толе бил од село Крушевица Мариовско. Неговата фамилија, како и тој, слугувала кај други богати фамилии. Како слуга немал можности да се описмени и останал неписмен. Иако бил неписмен, Толе бил надарен од природата со трезвен ум. Бил внимателен во својот однос кон другите, учтив и човекољубив. Уште во своите рани младешки години дошол до сознание дека се родил како роб, но не треба да умре како роб. Се здобил со оружје, ги запоставил фамилијарните обрски и го прифатил ајдутскиот живот. Со неговата сообразителност и човекољубивост успеал да се здобие со ајдучка дружина и да застане на чело на мала чета. Започнал да ги крстари планините по Мариово и да се бори против селските експлоататори. Ги обирал богатите и ги убивал лошите од нив. Како ајдутин и арамија обирал како Турци така и христијани. За него било важно да ограбува луѓе кои се збогатиле по пат на експлоатација, односно на нечесен начин. Од неговото име почнале да трепе-рат сите зулумџии. Тој бил насекаде по патиштата и раскрсниците. Од него Турчин за христијанин лош збор не можел да говори. Толе го исчистил како Битолското така и Прилепското Мариово од турски нелегални банди. Толево-то име станало синоним на закрилник и спасител на сите христијани и на сите сиромаси без разлика на нивната верска припадност.

Толе секогаш кога го разделувал ограбеното со другарите, својот дел им го давал на сиромасите и на неговите бедни засолнувачи. Во борбата про-тив беговите си го издигнал името, затоа што бил бестрашен. Со своите арамис-ки подвизи низ цело Мариово станал легенда и бил наречен паша на Мариово. За него се создава легенда која вели дека него куршум не го пробива. Леген-дата се шири и Толевото име расте. Народот за него испева и песни во кои ги опева неговите подвизи и неговата сила[4]. Но, времето во кое Толе делува како индивидуален отпорник се менува и на повидок се веќе првите мугри на една нова борба. Ајдутството на Толе започнува да се совпаѓа со почетоците на организираното револуциенерно движење. Бледнеат изолираните и пооделни ајдутски акции. Отпрвин Толе не сака да знае за таа организирана борба и без колебање го следи својот арамиски пат, кој му донесол слава и популарност кави што никој дотогаш немал во мариовскиот крај. Но токму таа негова сла-ва и популарност сакала да ја искористи Организацијата и да го привлече То-лета во отпочнатата општонародна борба.

Организацијата тешко може да го стави Толета во своите редови по пат на убедување, а свесна е дека уште потешко и поштетно е да ја уништи една таква широко остварена борбена легенда во лицето на Толе. Претстав-ниците на Организацијата од мариовските села и вложувале напори да го вклопат Толета во нејзините редови и го подведат на нејзините законитости, Толе прво не сакал ни да знае за подведување на неговите акции во рамките на Ор-ганизацијата. Тој кројач на сопствената судбина не сакал да ги почитува за-конитостите на Организацијата по кои и некој нејзин орган би наредувал. Од овие причини Битолскиот окружен комитет му изрекол смртна пресуда и ја

доставил до прилепскиот околиски војвода Петре Ацев со цел да ја изврши истата. Тој неколкупати го поканувал Толета на разговор, но постојано ја избегнувал средбата, знаејќи дека му е изречена смртна пресуда, а Ацев треба да ја изврши. Ацев ја увидува штетноста од уништувањето на Толе за Организацијата па бара начини и патишта како да го придобие. Тој доаѓа до сознание дека на крајно амбициозниот Толе единствено може да му делува само признанието на неговиот голем борбен авторитет. Разумниот Петре Ацев се одлучува да не ја примени одлуката на Битолскиот окружен комитет и да го придобие за Организацијата признатиот мариовски паша над пашите Толе по пат на признавање на неговиот борбен авторитет во борба против поробувачот. За таа цел Ацев решил да го ангажира неговиот добро писмен и мудар комита Крсте Германов Шакир. На 20. март 1903 година Шакир со уште седуммина свои комити по претходно добиени информации, за тоа каде се наоѓал Толе Паша со својата мала чета заминува за село Лопатица - Мариовско, каде што се наошал Толе Паша. Молкома влегол во селото, а потоа и во куќата, каде што бил сместен Толе со целата негова чета од 11 души. Штом Шаќир со своите комити влегол во куќата, Толе и неговите другари се стаписале и посегнале по пушките. Меѓутоа Шаќир успеал да ги успокои, велејќи им дека не дошол со лоша намера. Шаќив веднаш му се обратил на Толета со следниве зборови: "Абе Толе, како ве чуваат овие овде селани кога не можеа да ме сетат кога се промолкнав во селото? Со такво чување Турците ќе ве фатат живи!" Толе Паша му одговорил: "Што да им правам, такви се нашите селани, им се приспало и си отишле да спијат."[5)]

Потоа, Шаќир му објаснил на Толета со какви задачи дошол, а и тој отсечно му рекол: "Тие од Битола ме осудија на смрт како врховист. Но јас не разбирам ништо, ниту врховизам, ниту централизам (црвелизам - врвелизам), како се вика немам абер од него, јас знам оти се борам за Македонија, но не за врховистите (врвелистите) од Бугарија и не за Бугарија."

Штом Шаќир ја слушнал Толевата исповед и неговите искрени зборови, му рекол: "Штом така велиш тргнувај, станувај со мене, ќе отидеме кај околискиот војвода и ти ќе станеш човек на Организацијата и ќе работиш заедно и дисциплинирано под нејзина команда. Тоа што ќе ни наредат луѓето на Комитетот како да работиме, и што да работиме, тоа ќе работи. Кога ќе сме соединети во едно, ние ќе имаме и сила да се бориме против турската влада и против сите што ти ги велиш на шега „Црвелисти-врвелисти".[6)]

Потоа Шакир и Толе со четите заминале за село Орле, каде во тоа време се наоѓал околискиот војвода Петре Ацев. Уште кога влегле во куќата, во која бил сместен Ацев Толе му ја дал пушката на Ацев, и му рекол: "Војводо, вие сте го терале народот да се бори против турските бегови и зулумџии. Еве и јас се борам, како што знам, ама вашиот ред е друг. Еве ти ја мојата пушка, јас вас теслим ви ја правам. Како сум знаел така сум работел за Македонија, ако сум згрешил судете ме, отепајте ме, ако сум за отепување...?"[7)]

Кога Петре Ацев ги слушнал искрените зборови на Толе Паша, од кои дознал дека Толе не се бори само против турските зулумџии, а се бори и за

слобода на Македонија, се возбудил и со солзи на очите му рекол: „Земи си ја пушката и врати се во Мариово. Ти си достоен за постот војвода и никој од нас нема да смее да ти го земе реонот, ниту твојата слава, која сам си ја извојувал“[8].

По неколку дневен престој кај околискиот војвода Петре Ацев, Толе е распореден за војвода во Мариово, Шакир е назначен да му биде секретар-инструктор.

Во текот на Илинденското востание Толе, Шакир и мариовците, иако не биле за кревање на востанието, заедно со останатите прилепски реонски чети и централната чета од околискиот војвода П. Ацев по акциите на сообраќајницата Прилеп-Градско и подготовките во село Беловодица, решиле да го поддржат востанието со една борбена акција со цел да ангажираат повеќе војска во Мариово. За таа цел мариовци со останатите чети под раководство на Горскиот штаб во чии состав влегувале П. Ацев, Јордан Тренков и Никола Петров Русински, решиле да го нападнат мудурлукот во с. Витолиште на 14. 08. 1903 год.[8-а] Иако востаниците не биле добро вооружени и облечени, се распоределе по десет групи со план да го нападнат Витолиште.

Толе Паша и Шаќир зеле активно учество во борбата кај с. Витолишта. Тие и последни ја напуштиле нивната борбена позиција.[9]

Толе, кој како индивидуалец не знаел за порази, тешко го доживеал поразот на Илинденското востание. Во тешкотијата своја и на својот народ тој не бил можен да согледа дека поразот на востанието не значи и откажување од продолжувањето на општонародната борба. Во есенските месеци од 1903 год. Толе ќе се најде во ситуација да ги помага разните комитски чети кои ќе се движат низ Мариово и бараат од него да им помага. Тој ќе им дава помош само со цел да ги спаси од гладот, оголеноста па и непријателот, а не за тоа што има доверба во нивната борба за ослободување на Македонија. Таков е случајот со костурските чети кои подгонети од турските потери низ Костурско и Леринско по канал се упатуваат за Бугарија со цел да ги спасат животите и да се одморат. Доаѓаат во Мариово на десната страна од реката Црна и во близина на село Добровени се запираат на една каменита височинка. Веднаш испраќаат курири за да ја пронајдат реонската чета од Толе Паша. Тогашниот комита на четата од Толе, Милан Ѕвездов во своите спомени ќе забележи: „Ние бевме со четата на легендарниот Толе Паша од с. Крушевица. Денот го поминавме на Кокречката планина. Дојде курир и ни донесе итно писмо. Голема чета пристигнала кон Брник и барала итна средба. Идела од далеку, па била доста исцрпена. Војводата веднаш ме испрати мене со неколку души да ги превземеме преморените другари. Веднаш тргнавме и утрината се сретнавме близу до чебренските воденици. Стражарот нѐ одведе кај војводите. Костурските чети на чело со војводата Лазар Поп Трајков отстапиле под притисок на големите потери. Тие беа боси и гладни. Патувале неколку дена. Одма тргнавме во поход. Стигнавме во Крушевица кај Толе Паша кој издаде упатство за храна: заклавме неколку крави, кожите ги ставивме да се посушат и ги исековме за опинци. Одевме заедно сите неколку дена. Четата се зголеми. Требаше да се разде-

лиме на две за да се движиме поскришно. Толе ме раздели со неколку души и со Костурци тргнавме према Дренските планини...[10)]

Поголемиот дел од костурските чети уште од селото Добровени се вретиле назад, а помалиот (130 души) Толе Паша и војводата Дедо Коле, откако ги нахраниле, ги помогнале со обувки и облека па со водичи ги упатиле кон Дренска и Никодинска планина. Таму ќе се сретнат со четата од П. Ацев и четата од Ѓорче Петров и ќе се вратат назат во Мариово.

По борбата на Маргара (2.11.1903) здружените чети ноќта помеѓу 2 и 3 ноември го заобиколуваат селата Орле, Маково и Рапеш и се повлекуваат на десната страна од Црна во атарот на с. Будимарци. За тоа како изгледале комитите од здружените чети кога ја минале Црна, Ѓорче Петров ќе забележи во своите спомени: „Бевме капнати, сосипани, гладни, откако бевме патувале 10 часа ноќта, а 64 часа не бевме јале. И фишеците ни се беа свршиле. Бевме во ужасна положба.[11)]

И во овој момент Толе ќе им помогне на здружените чети и на Ѓорчевата чета. Куриротот на Толе, кој ги пречека здружените костурски чети, Милан Ѕвезданов во своите спомени ќе забележи: „Наредив по еден овчар да им нареди на будимирчани, дека ние сме четите, кои се боревме вчера со Турците на Магара; - веднаш да го најдат Толе Паша и да се сретнеме во с. Градешница, откако приготви храна за стотина души. Будимирчани веднаш се организираа, дојдоа кај нас и ни донесоа млеко за закуска. Вечерта пристигнавме во Градешница. Таму нè чекаше Толе со четата. Се понахранивме и одморивме.“[12)]

Потоа здружените чети со Ѓорче заминуваат за Ниџе Планина со цел да се спасат од потерите. Таму се среќаваат со Борис Сарафов кој ги убедува војводите да заминат за Бугарија. Ѓорче не сака ни да чуе за враќање во Бугарија. Во своите спомени тој ќе запише: „Останав сам, откако сите водачи ја напуштија земјата и отидоа во Бугарија. Тие, што го советуваа населението се предаваа, сами не се предаваа, ами избегаа во странство. Сите раководни сили требаше да останат и да страдаат заедно со населението. Повеќето од селските војводи останаа во земјата, а сите поинтелегентни избегаа.“[13)]

Сфаќајќи го овој став на Ѓорче за останување на војводите во земјата со населението и подолжување на борбата Толе Паша ќе се согласи со него и кога Сарафов ќе замине, по каналот низ Мариово за Бугарија Толе ќе го прими Ѓорчета во својата чета а тој кој со својата мала чета (12-13 души) ќе слезе од Ниџе во селата Груништа и Будимарци. Во своите спомени Ѓорче ќе запише: „Јас останав кај Толе Паша со дваесетина негови момчиња.“

Турците се постојано во потрага по Толевата чета. Четата на Толе од ден на ден се намалува спаѓа на осум момчиња. Таа веќе тешко успева да се сокрие. По селата им велат да не влегуваат, оти не ќе можат да гарантираат за нив. Така положбата како за Толе така и за неговата чета станува сè потешка и потешка. Толе знаејќи го значењето на Ѓорче за Организацијата и ценејќи го како војвода и човек кој искрено се бори за Македонија започнува да се плаши за неговата судбина од Ѓорче и ќе почне да го советува да оди в град. Ѓорче самиот ќе запише: „Толе Паша сосема замислен 4-5 дена зеде да ме советува да

си одам, зашто не можел да се крие добро кога сум со него, и не сакал да загинам во неговата чета, та затоа да одам в град.“[14)]

Кога Ѓорче се одлучил да замине за Битола, Толе му обезбедил врска со двајца селани кон кои го упатил Толе и се договориле за патување. Во замена за селски алишта им ги оставил на селаните комитските алишта, револверот, камата, двогледот, пушката и сѐ друго што имал. Ѓорче заминал за Битола со пазарџиите терајќи две магариња натоварени со штици. Идните денови Толе слегнал во Градешница, ја облекол Ѓорчевата облека и се наоружал со Ѓорчевата борбена опрема.

Така Толе Паша се ослободил од единствениот организационен авторитет, Ѓорче Петров, четата му се намалила и своеволниот арамија одново заживува во него. Оди од село во село и развива изразита агитација против војводите интелектуалци. Во своите спомени Ѓорче ќе забележи дека Толе, како и другите селски војводи, одел од село во село и викал: „Ете ти ги даскалите, додека ги раневме тука, додека имаше да се прчат итн. итн.“[15)]

Во есента 1903 год. на Толе изразито му се намалила четата и доживува големи тешкотии, но не се одлучува да го напушти сопствениот реон на окрвавената Македонија и да замине за Бугарија. Толе не се дели од својот народ и од својата земја. Тој сфаќа дека не постои друго поприште за неговото постоење. Неговата самородност, која црпела сокови од сопствената земна почва, цврсто го приврзува за неа. За неговото останување во својот реон и татковината секако дека ќе има придонес и Ѓорче со својот став за останување на сите војводи раководители на Организацијата во земјата.

Толе научил сѐ за предавството на војводата Иванче Карасулијата и се плашел да не го изјудат и него во Софија. Си останува верен на своите земјаци и својот народ и не сака да проба од сладостите на Софија како војводите интелектуалци кои го напуштиле својот народ во најтешкиот момент под изговор дека сакаат да се одмораат.

Толе имал инстинкт за самозаштита и единствено тој од сите самородни војводи беше се заинтересирал за врховизмот и кога ја сватил неговата подла улога се откажал од патувањето во Бугарија, иако бил поканет. Во тој поглед Толе личи на типично централистичкиот деец, војводата Атанас Нивички, кој ги посетувал сите погранцни реони на Организацијата, но од омраза кон врховизмот не влегувал во Бугарија. Кај Толе самородниот феномен владее над сѐ и ги движи сите негови делувања.

Во пролетта 1904 год. Толе му предложил на Шаќир да се поделат во две чети. На теренот од десната страна на реката Црна (Старо Мариово) останал Толе со четата, а на левата страна од Црна (Ново Мариово) со својата мала чета дејствувал Шаќир, кого Толе го наименувал за војвода.[16)]

Но, времето кое доаѓа не му дозволува на Толе да биде она што бил. Нема повеќе место за арамиски подвизи. Беговите од Мариово по Илинденското востание се повлекуваат во градот. Потерите од аскер и башибузк постојано крстарат низ Мариово по Толе и по Шакир. Сега своеволникот Толе се преобразува во насилник спрема своите. Некогашниот заштитник на народот

од грабачи и потисници ќе стане терет на ограбениот народ од турските потери. Така воспеаниот борец против беговите и пашите ќе стане своевиден мариовски паша. Населението по селата плашејќи се од тортури од Турците ќе почне да не го прима Толе и да му откажува гостопримство. Ќе почне да го откажува неговото обезбедување од Турците.

Веќе се приближувал и крајот на животот на легендарниот мариовски војвода Толе Паша. Турците ја смениле тактиката во борбата за неговото уништување. Тие кога виделе дека не можат да го убијат по пат на борба побарале предавници.[17)] Во една декемвриска ноќ 1904 година, Толе со својата чета се засолнал во с. Гудјаково, Мариовско. Престојот на Толе во селото им е најавен на Турците и тие го изненадуваат. Го обиколуваат селото и поставуваат заседи. Се заврзала четиричасовна лута борба меѓу аскерот и малубројната чета од Толе. Надмоќниот непријател успеал да го убие војводата Толе и неговиот син кој иако бил малолетен бил комита во татковата чета. Успеал да се спаси само еден комита од Толевата чета.

За Турците убиството на Толе бил голем успех. Кога му соопштиле на окружниот управител (валијата) во Битола дека е убиен војводата Толе Паша, не можел да поверува. За да го уверат неговите потчинати му ја отсекле главата на Толе и му ја донесле на управителот во управата. Валијата се вознемирил од постапката на своите потчинети кон телото на Толе и заповедал да ја вратат главата кај телото.

Организацијата веднаш се погрижила да го пронајде виновникот за смртта на војводата Толе. Единствениот комита кој се спасил од Толевата чета за време на борбата веднаш се ангажирал и организирал чета. По три дена од убиството на војводата му ја запалил куќата на предавникот во с. Гудјаково и убил еден шпиун.[19)]

Во врска со предаството и убиството на Толе Паша и неговите другари, луѓето од Организацијата во Мариово го убиле гркоманскиот поп од с. Чаниште, кметот од с. Вепрчани и шпиунот Христо од с. Будимирци.

По убиството на Толе Паша за војвода во Мариово останал сам Шакир. Тој останал да ги реализира директивите на Организацијата во Мариово.

Македонскиот народ не го заборавил Толе Паша кој свесно се борел за слободата на понижените и потиснатите, а со тоа сам си обезбедил место меѓу големите луѓе од својот народ.

Народот од Македонија ќе ги воспее и обесмрти борбените дејствија и херојството на Толе во борбата за слобода на Македонија. Мариовците ќе го воспеат Толета како свој заштитник од насилието на турските поробувачи и експлоататори.

Толе Паша е опеан во народната поезија, но не така изразито како што се опеани војводите Јордан Пиперката, Никола Каранџулов, Пере Тошев и др. оти неговиот борбен почеток како и крајот му се ајдучки па во дадени моменти населението во Мариово изразувало и страв од него.

Така во втората варијанта на песната „Нешто ќе те прашам, бабо“ испеана за војводата Никола Каранџулов по повод бегањето на 32 затвореника

од битолскиот затвор Тимар Хане (Лудница) на 1.3.1904 год. низ канал долг 6 метри, организирано од Каранџулов, го среќаваме и Толе Паша како војвода на комити. Песната стилски е предадена преку словенска антитеза. Во првиот дел од словенската антитеза, меѓу прашањата, фигурира и прашањето дали кај бабата вчера бил Толе Паша. Народниот поет вели:

„Нешто ќе те прашам, бабо
право да ми кажиш...
Кои војводи беа, бабо
кај тебе на вечера?
Дали беше Толе Паша, бабо
или беше Дедо Кољо?[20]

Народниот поет во оваа песна не е мотивиран од борбата на Толе, а е мотивиран од бегството на Каранџулов со групата затвореници. Толе овде е споредна личност. Со песната јасно се гледа дека и по 1.III.1904 год. Турците лутаат низ Мариово и го бараат Толе како комитски војвода. Оваа песна го побива мислењето на некои пишувачи за тоа дека Толе е загинат на 3.III.1904 година или по зборникот „Прилеп и Прилепско низ историјата“ Толе дека е загинат на 16.II.1904 год. Секако посигурно е тврдењето дека Толе е загинал во октомври или декември 1904 год.

Народниот поет ќе испее и песна за Толета која е поврзана за селото Градешница. Песната гласи:

„Бог да го бие тој Толе Паша
што ми излезе млад комита,
да ми шета пусто Мариово,
да ми брка Турци поганци.
Кога влегуваше во Градешница,
сето село се тресеше.“

Од песната јасно се гледа дека народниот умотворец ја осудува строгоста на Толе, која предизвикувала дури и страв кај селаните.

Третата песна за Толе е предадена во форма на словенска антитеза. Во неа Толета го среќаваме како ловција на „турски шпиуни“. Песната гласи:

„Ајде појависе дедо на пенџерето,
да видиш што петли пеат,
што петли пеат, што кучиња лаат,
дали е кавга или е селска свадба!?
Ниту е мајко кавга, ниту е селска свадба,
туку ми се Толеви комити.
Ќе ми одат во село Вепрчани,
село Вепрчани кај „Студеница“.
Таму ќе ловат турски шпиуни.“[21]

Во оваа песна народниот умотворец е најреален. Толе било како ајдутин или како комита успешно ги ловел шпиуните и ги казнувал со смрт или јавно ги осудувал.

Најдобрата песна за Толе е онаа во која народниот пејач ги повикува браќата да го жалаат Толета војвода кој загинал за слободата на народот од Македонија и за самата Македонија. Песната гласи:

„Жалајте го браќа Толета војводата!
Толе војводата за народ загина.
Жалајте го браќа Толета војводата,
кој загина за нашата слобода.
Толе војводата за народ загина,
за народ загина за Македонија."

Песната е составена од шест стиха меѓу кои има и тринаесеттерци, три дванаесеттерци и еден единаесетерец.[22)]

Македонскиот умотворец Толета како борец за слободата на понижените, потиснатите и на татковината не го заборавил. Тој го овековечил Толевото име и борбено дело во македонските народни песни. Најизразито и наубаво Толевото ајдукување и комитување, користејќи ги историските факти и творечката имагинација, ни го предал регионалниот писател од Мариово Стале Попов во монографскиот роман „Толе Паша" со што романизираниот лик на Толе Паша-Ќулиќов со своето борбено дело излегува и надвор од границите на Македонија.

---

1) Гермов Крсте-Шакир, Спомени, Скопје (1967), Архивско оделение на Институтот за национална историја, сл. I, 167, 11-а (во натамошниот текст како Спомени од Шакир).

2) Петров Ѓорче: „Спомени и коресподенција", Култура, Скопје, 1964 год.

3) Гермов Крсте-Шакир: „Велик, но заборавен", весник „Македонски вести", бр. 54. 1936 год.

4) Ангел Динев: „Илинденска епопеја", „Киро Дандаро" - Битола, 1987, к. II, стр. 73.

5) Спомени од Шакир стр. 12.

6) Исто фус. 5

7) Исто фус. 4. стр. 74. а таму е земено од весникот „Македонски вести" бр. 54/1936 год.

8) Исто фус. 7

9) Зборник „Ѓорче Петров и Пере Тошев, Прилеп, 1974, Димитар Дамески: „Чаништа - прв дострел на Ѓорчевата востаничка дејност" стр. 39.

10) Зборник „Прилеп и Прилепско 1893-1918 г."; Благоја Стоичкоски: „Револуционерната дејност на Крсте Гермов Шакир" стр. 141-149.

11) Списание „Современост", год. XIX бр. 2. од февруари 1969 год. стр. 161. објавен дел од спомените на комитот Милан Ѕвездов, а превземени од „Илюстрация Илинден", XII/10, (120), София, 1910., -3-4, под наслов „Поражението на Турцит около село Чанищ а на врха Магара 1903 год."

12) Види фус. 2. стр. 199.

13) Види фус. 10. стр. 164-165.

14) Види фус. 2. стр. 201.

15) Види фус. 2. стр. 203.

16) Види фус. 13.

17) Види фус. 9. стр.143

18) По спомените од Крсте Гермов стр. 22. Толе Паша бил предаден од Стојан Митрев од родното село на Толе, Крушевица, Мариовско. По налог на организацијата предавникот бил ликвидиран од Крсте Гермов-Шакир.

Драган **МИЛАНОВ РИСТЕСКИ**

# ТОЛЕ ПАША - ИСТОРИЈА И ТРАДИЦИЈА

Животот на Мариовците за време на турското ропство бил исто толку тежок и неподнослив како и животот на целата раја. Мариово, за разлика од другите делови на Македонија, поради низата специфичности не било запоседнато од османлиите, иако потпаднало под турска власт во исто време како и Прилеп и Прилепско, Битола и Битолско, некаде околу 1385/1386[1)] година. Се смета дека Мариово уживало извесна автономија. Спрема народните преданија[2)] и песни[3)] кои и денес се кажуваат и пеат во Мариово, Мариовците имале собрание кое го сочинувале земски кметови на чело со војвода[4)]. Извесно време војводата бил Мариовец, а подоцна бил Турчин. Со тоа се зголемиле тортурите, пљачкосувањата, силувањата и убиствата врз населението. Достоинството, храброста и патриотските чувства на Мариовците не им давале понизно да го поднесуваат сето она што им го правеле османлиите. Затоа тие ги дигнале и првите буни против силната турска империја во 1564/65 и во 1688/89 година. И по задушувањето на овие и слични буни Мариовците продолжиле да се бунтуваат и да даваат отпор на турската империја како и на самоволието на турските власти и поединци, најверојатно преку помали чети и групи. Поради тоа, гордољубивото и слободољубиво мариовско население овие историски настани и храбри подвизи на своите синови, ги предавало од поколение на поколение, а со тоа го одржувало и подигало патриотското чуство кај своите идни генерации, како и кај целото македонско население, па дури и кај другите поробени балкански народи.

Во вакви неповолни општествено економски услови, во 1863[5)] година во мариовското село Крушевица, во куќата на Трајко од Кулиќевци се родило машко дете - Стојан, тоа бил познатиот мариовски и македонски арамија, комита и војвода ТОЛЕ ПАША. Крушевица било од ретките мариовски села во кое имало турски чифлизи. Македонските фамилии работеле како момоци на беговските чифлизи и нивниот тежок живот скоро по ништо не се разликувал од животот на останатите чифлички села во империјата. Така, фамилијата на Толе Паша, Кулиќевци, заедно со фамилијата Шапковци и фамилијата на Сте-

ван Ковачот работела на чифлигот од Адем бег. Кога во 1884 година Адем бег му го продавал чифлигот на Јован Попов од Прилеп, тој му го понудил со сè фамилиите кои работеле на чифлигот. Со тоа омразата кај Толе и кај другите чифчии спрема бегот се зголемиле уште повеќе. Кулминацијата на неподносливиот живот на немирниот дух на Толе достигнала кога Толе во 1885[6)] под притисок на Адем бег морал да се ожени со Ката од Стеван Ковачот. Ката веќе неколку години му била посестрима на Адем бег и живеела во куќата на бегот. Толе се решил да го брани своето достоинство и чест дури и по цена на голиот живот. Под влијание на херојските подвизи на дотогашните комити од Мариово и Прилепско, особено вдахновен од херојското држење на комитот Ѓорѓи Лажот и неговите соборци во херојската борба во куќата на Илија и Митре Мутеви[7)] во село Вепрчани, непосредно по свадбата, по Велигден, ја напуштил жената, а со тоа го напуштил и ропскиот живот кај Адем бег со цел да му се одмазди. Во тоа време во Мариово бил познат арамијата Јован Мачникот од село Полчиште.

На Спасовден 1886[8)] година, Толе отишол во село Полчиште кај Јован Мачникот и му станал ортак за крадење. Толе престојувал во куќата на Трајко Брле со кого се побратимил, а потоа и интимно живеел со неговата жена Митра. Зимото 1886/87[9)] годнина Толе се вработил во рудникот Ал - Шари во Мајдан. Толе, не можејќи да поднесува неправди, во една расправија со заптијата Акиф, во самоодбрана го убил. Во прилепскиот затвор останал три месеци. Таму се запознал со Ѓорѓи Ацев[10)] од прилепското село Ореовец. По ослободувањето од затворот Толе продолжува со ајдутскиот живот. При една посета на својата фамилија во село Крушевица, Толе го претепал Адем бег и му го зел коњот, а потоа Јован Мачникот го продал во Мегленско.

Турските порезници, кога собирале данок, имале обичај оние селани кои немале да го платат данокот да ги врзуваат и да ги носат по другите села и таму да ги тепаат пред тамошните селани со што им кажувале што ним ќе ги најде ако не го платат бараниот данок. Меѓу многуте селани што биле носени по другите села бил и Андон од Волкановци од село Дуње. Тој бил врзан од страна на авалеџијата Мефаил и неговите гавази и го носеле по мариовските села. Толе, заедно со Јован Мачникот, а во соработка со Андон, во месноста Скала, пролетта 1893[11)] година го убиле Мефаил и другите јазаџии. При тоа им ги зеле дисаѓите со собраните пари, пушките и коњите. И по овој случај, како и многу пати пред тоа, турската власт направила голема потера низ Мариово и затворила многу луѓе. Меѓу нив биле затворени Андон и Толе. Бидејќи истрагата не открила кој ги направил убиствата, кадијата на сите затвореници им зел по 50 лири и ги ослободил[12)].

Толе во својата чета примал само четници кои предходно биле докажани како крвни непријатели на Турците, бидејќи само со такви можел да се бори против неправдата и насилниците и со такви можел да ги заштитува онеправданите и немоќните. Толе како арамија ги опљачкувал беговите и турските посестрими кои добивале многу пари и накит, како и побогатите селани кои на некој начин го експлоатирале населението и биле омразени од народот. Толе

ги заштитувал немоќните, а ги убивал и пљачкосувал беговите, турските качаци, гавази, јазаџии и порезници. Им ги земал парите, овците, бравовите, коњите, пушките и потоа им ги делел на сиромасите, а им давал и на јатаците за грижата околу него и неговата дружина. Подоцна Толе давал пари и во Организацијата (ВМРО) за купување на оружје. Толе со четата вршел и киднапирање со цел да дојде до потребните пари.

Толе бил многу храбар и лукав човек. Повеќе пати бил сардисуван од турските потери, но секогаш лесно и среќно се извлекувал. При една опсада во село Полчиште, есента 1894 година, на повикот од башчаушот Ферад да се предаде, Толе одговорил: „Јас не се предавам, овдеа ја су паша, а не ти![13]" При тоа пукнал и смртно го погодил башчаушот Ферад. Ваквата храброст ги изненадила турските војници, а уште повеќе што Толе брзо го поминал обрачот, а не бил ни ранет. Кај потерите секогаш постоело мислењето дека Толе со себе носи некоја амајлија и дека него куршум не го фаќа, а тоа кај нив предизвикувало паника и страв.

Есента 1894 година, Толе за да се спаси од големите турски потери, со помош на прилепскиот чорбаџија Јован Грабулоски, пребегал во Бугарија. Во софиските кафани се сретнал со Ѓорѓи Ацев од село Ореовец и со Јован Ѓуров од село Витолишта, а имал средба и со Гоце Делчев. Таму се запознал ѝоблиску со водачите на ВМРО[14].

Толе Паша бил бестрашен јунак, арамија и борец за национална слобода против турската империја. Тој бил силник, надарен борец, бескомпромисен арамија и секогаш супериорен. После секоја поголема акција на Толевата чета, турскиот аскер сместен во Мариово редовно правел потера. При една потера на турскиот аскер во село Старавина, на Толе му дошла идеја да влези во селото Старавина и да го фати чорбаџијата Јован Сивев кај кого Турците редовно имале конак. Квечерината, во мракот, Толе влегол во Старавина и се сместил на конак кај Тодор Кекерезов кој му бил сосед на Јован Сивев. Случајно, таа вечер кај Сивевци имало гости, а меѓу нив бил и мудурот Арслан беј од Витолишта. Кога Толе го разбрал тоа, одма го сменил планот и решил да го фати мудурот и да земе повеќе пари. Толе направил план како да влези во куќата на чорбаџијата без да биде запрен од турските стражари кои го чувале мудурот. Толе го врзал Тодор Кекерезов (наводно нему му должел пари) и така врзан го отерал во куќата на Јован Сивев и слободно влегол кај гостите. Тогаш Толе успеал да им го одземе оружјето, а за да не ги убие тие му понудиле пари. Толе им собрал околу петстотини лири, а за тоа што немале доволно им кажал дека остатокот ќе му го должат, односно дека тој ќе дојде да си ги земе. На заминување со себе го однел и нивното оружје и безбедно го напуштил селото[16].

Дека Толе Паша бил многу храбар, лукав и снаодлив човек ни зборува настанот што се случил во село Вепрчани. Во една потера, во почетокот на август Толе се нашол во колибата на Ристе Илиов Мутев во месноста Гарван. Тука Мутевци имале и ниви и жнееле ́рж. Бидејќи потерата наближувала, присутните се исплашиле и не знаеле што да прават. Тогаш Толе им рекол доста смирено него да го врзат за еден сноп од ́ржта и да го стават со другите

снопови и да го замаскираат. Така и направиле. Потерата ја пребарала колибата и бидејќи ништо не нашле си заминале[17]. Ваквите настани кај Турците го зголемувале стравот, а уште повеќе неможноста да го фатат или убијат Толе. Така кај нив се потврдувало верувањето дека Толе куршум не го дупи. Со тоа тој станувал уште поомилен меѓу населението. Овие и слични настани и подвизи народот ги пренесувал и прераскажувал, а и денес уште се прераскажуваат и сите Мариовци се гордеат со подвизите на Толе. Така Толе станал жива легенда меѓу населението во Мариово, Прилепско и Битолско.

Пролетта 1899 година прилепскиот револуционерен комита на ВМРО во Мариово ги испратил војводата Петре Ацев и Крсте Гермов Шаќир со задача да формираат Реонски револуционерен комитет на Мариово. Една од главните задачи на овај комитет била што поскоро да го вклучат во организацијата на ВМРО Толе Паша бидејќи со тоа го придобивале и населението во Мариово. Кога Толе се согласил да влезе во Организацијата, како потврда за неговото задоволство што ќе членува во ВМРО го дал коланот со 250 лири како помош на Организацијата. По налог на Организацијата, Крсте Гермов Шаќир станал секретар во четата на Толе Паша. После тоа Толе бил многу активен во Револуционерниот комитет на Мариово и тој успеал да формира Селски револуционерни комитети на ВМРО во повеќе села на Мариово[18].

Толе Паша покрај тоа што се јавува како заштитник на населението од разните турски неправди, тој бил и заштитник на правдата, односно како судија, а во исто време и извршител на дадената од него казна. Така тој ги казнувал девојките и жените кои имале Турци за побратими или играле на оро пред Турците, ги казнувал кодошите и предавниците, им фрлал данок на чорбаџиите и избеговите, а често ги ликвидирал. За неговите активности народниот поет испеал повеќе народни песни[19]. Во песната „Море, не кревај се на големо"[20] станува збор за едно момче кое девојката Неда од Вепрчани ја моли за љубов при што ја опоменува таа да не се крева на големо поради тоа што го љубела турскиот пољак бидејќи за тоа тој ќе ја кажел на комитите, а особено на војводата Толе Паша кој ќе ѝ ја пресечи главата:

„Не го љуби, Недо, турски пољак,  
ќе те кажа, Недо, на кумити,  
на војвода, Недо, на Толе Паша,  
ќе ти сечи, Недо, руса глава".

Во песната „Протуѓерот вика, мајко, низ нашето село"[21] народниот пејачни ја открива и организаторската работа и способност на Толе Паша да ги собере селаните, кметовите и комитите, а воедно се јавува и како агитатор за зачувување на православната вера. Со ова ни се потврдува и неговиот авторитет меѓу населението. При тоа Толе препорачува:

„Да се женат машки деца, леле, многу млади  
Многу млади, мила мајко, од петнаесет години  
А да земаат стари моми, мамо, дваесет и пет години  
Некој мома, мила мајко, а некој вдовица  
Па да има многу деца за нашата вера

да задржат нашата вера, од Турци да се бранат"

Народот во Мариово својот војвода и паша го издига на пиедесталот заедно со Гоце Делчев и Дамјан Груев и како јунак и како организатор, а неговата популарност е голема. Стравот кај Турците е голем и за секоја изведена акција од страна на комитите тие мислат дека е акција на Толе Паша. Има повеќе варијанти на песната „Мори бабо нешто да те питам"[22].

Во народната песна „Излегол Толе, Толе Паша"[23] народниот пејач пее за организаторската дејност на Толе Паша при што го поистоветува со Гоце Делчев. Толе Паша ја најавува големата битка против Турците, односно го најавува Илинденското Востание во кое треба да се ослободи Македонија.

На 15 април 1903 година Толе Паша и Петре Ацев заедно со уште тројца комити тргнале за Смилевскиот конгрес. Веднаш по конгресот, Толе Паша тргнал кон забрзано припремање на луѓето за востание. Поради слабата финансиска состојба на народот, Толе и Шаќир на беговите и чорбаџиите им фрлале комитски данок, а со парите купувале оружје[24].

За време на Илинденското Востание Толе Паша со четата активно учествувал во сите акции. По неуспехот на востанието, Толе останал по мариовските планини, а таму се повлекле и други чети од Крушево, кои набрзо се растуриле, а нивните војводи пребегале во Бугарија (Петре Ацев, Пере Тошев, Ордан Тренков, Јован Ѓуров и др.). Толе Паша ја намалил четата на 10 четници и продолжил да делува. Турските потери постојано му биле на трагот.

Последните денови од јануари 1904 година Толе со четата влегол во село Чаниште и поради предавство го осудил на смрт кметот Митре и пресудата веднаш била извршена. Оттаму се префрлил во село Вепрчани, а на први февруари[25] кондисал во село Гудјаково. Поради убиството на кметот Митре, неговиот внук Митре го известил Стојан Бојов од село Крушевица дека Толе Паша со четата се наоѓа во село Гудјаково. Стојан Бојов, поради претходната кавга со Толе Паша околу некои бравови, го предал Толе на аскерот[26]. Вечерта на трети спроти четврти февруари турскиот аскер го сардисал селото Гудјаково, Толе Паша бил убиен на 4 февруари 1904[27] година. Тука биле убиени и син му на Толе, Вељан, како и осум комити; Куле од Врпско, Петре Кормако и син му Јован од село Маково, Петко од Маково, браќата Цветан и Петре од село Шелеверци, Видан од село Могила и Милан од Прилеп. Единствено останал жив Трајко Кралот од село Будимерци. За овој настан народниот пејач испеал повеќе песни[28]. Така Стојан Куликов - Толе Паша трагично го завршил својот млад живот.



Аргир Гермов или Крсте Гермов - Шакир -Војвода од Прилеп



Трајко Кралот од Брник комита и војвода, единствен преживеан од битката кај Гудјаково 1904 г. А загинал во 1907 г.

Александар БИЦЕВСКИ

# КУЛТУРНО-ИСТОРИСКОТО МИНАТО НА СЕЛОТО ПОЖАРСКО - МЕГЛЕНСКО

Селото Горно Пожарско се наоѓа во областа Меглен, која се простира во северозападниот дел на Беломорската етничка област, т.е. во Воденската околија[1].

Селата во Меглен (окулу 46) се релативно големи од збиен тип[2]. Единствена градска населба во оваа област е гратчето С'ботско.

Своевремено населението на Г. Пожарско во етнички поглед било единствено: тоа било чисто македонска населба со православна вероисповест[3]. Во селото имало две цркви: Св. Јован и Св. Ѓорѓија. Во учебната 1909/1910 година, покрај другите села во Воденско и Г. Пожарско имало македонско училиште[4]. Подоцна се учело или на бугарски или на грчки јазик.

Етнонимот на ова село се нарекува пожаренец (за маж), пожаренка (за жена), односно пожарени и пожаренки (во множина).

Според јазичните особености говорот на ова село припаѓа во рамките на долновардарските говори, поточно на мегленскиот говор[5]. Што се однесува до акцентот, акцентскиот систем во говорот на Г. Пожарско се сложува со акцентирањето во југоисточната група говори и говорите северозападно од Солун. Наведувајќи примери од соседниот дојрански говор, Коста Пеев го истакнува стремежот на акцентот поширoко во долновардарските говори да се задржи на вториот слог од крајот[6].

Селото Горно Пожарско веќе не постои. Тоа е палено повеќе пати, за на крај во последните пожари на граѓанската војна во Грција во февруари 1947 г. биде изгорено до темел, а неговите последни жители, како и многубројното население од Беломорска Македонија, го напуштаат засекогаш и се раселуваат насекаде по светот. До ден денешен тоа не го поврати својот лик, а во него сè уште штрчат само ѕидините како неми сведоци на суровоста на војните.

## ГЕОГРАФСКА РАЗМЕСТЕНОСТ

Селото Г. Пожарско се простирало на една висорамнина на околу 700 метри надморска височина и било во вид на неправилен полигон. Пред самото раселување на селото т.е. неговото запалување и конечно постоење тоа броело 38 куќи и зафаќало околу 1 км². Атарот на Г. Пожарско се граничел со селото Тресино на југо-запад и селото Долно Пожарско на југ, а од најголемото населено место во Меглен, од гратчето С'ботско е оддалечено окулу 16 км. Од селото имало само еден излез, додека постарите велат дека пред 1900 г. постоел уште еден пат, кој преку Старавина на север и Градешница доаѓал до Мариово. Другиот пат бил преку Долно Пожарско на југ, па Тресино до С'ботско, а понатаму и кон Воден и Солун.

Поради тоа што било на висорамнина, селото било од збиен тип. Од северната страна тоа било оградено со ридови и планини, додека од јужната било отворено кон Мегленската котлина и Солунското поле, со што се создадени најблагопријатни услови за развојот на земјоделието. Атарот на селото е ограничен со следниве планини: На исток се наоѓа планината *Белиот Рид*, од неа во правец на север во форма на лак се наоѓа *Грежден*, па потоа доаѓа *Син'та Смрека.* На север од селото се наоѓаат планините: *Кравица, Кожув и Добро Поле,* па потоа спуштајќи се лачно кон запад се *Соколот, Љута и Нице* со врвот *Кајмакчалан (2521 м.)*. Меѓу овие планини кои го ограничуваат атарот на селото се наоѓаат уште десетина помали ридови. И тие се движат лачно па почнувајќи од северната страна кон запад се според следниов ред: *Медов Рид, Попов Рид, Кирваков Камен, Коношишката Плоча, Борово, Сувоградиште* (на чиј врв се наоѓаат два големи камења, дело на природата наречени *Стогови*), потоа следат *Рамнобор, Еленскиот Рид, Тресинскиот Рид и Тресинската Плоча.* Со неа завршува ридестиот дел и понатаму атарот на селото продолжува со поле и котлина.

## КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО МИНАТО

Научно докажаните податоци за историското минато на Пожарско се доста оскудни по број. Ретки се историските трудови во кои тоа се споменува, па така бев приморан скоро сите долунаведени факти да ги соберам од раскажувачите. Научно докажан податок за формирањето т.е. за почетокот на настанувањето на селото не постои, но сепак се смета дека е можно тоа да е формирано и „пред турско" значи некаде во 15 век. Движејќи се хронолошки следниот податок на кој што наидов е тоа дека за време на Негошкото востание од 1822 г. селото Пожарско било запалено и делумно уништено. Интересен факт е тоа што кон крајот на 19 и почетокот на 20 век голем број пожарени се иселувале во селото *Јаворени*, кое се наоѓа јужно од *Воден.* Причината за тоа не се знае, а тоа село и денес постои и сите во него се сметаат за пожарени[7]. Во 1905 г. селото било повторно запалено, овојпат од страна на грчките андар-

ти (ајдуци). Овие зачестени доаѓања на андартите во Пожарско неретко биле проследени со грабеж и терор по селските куќи.

Според Лина Донева* селото го доживеало својот максимум во смисла на бројот на куќите некаде во средината на 19 век и тоа со околу 750 куќи, а самата таа го памети со 450 куќи, кон 1915 г., така што податокот на Б. Милојевиќ[8] дека Г. Пожарско по балканските војни броело 170 христијани (мухамедини нема) не треба да се смета за веродостоен, кога се знае дека секоја куќа броела по 8-10 членови. Во 1913-14 г. во селото беснеела колера и однела многу животи[9]. Умирале по цели фамилии, а починатите ги закопувале во големи дупки кои потоа ги посипувале со вар, заради спречување на заразата. Но сепак и покрај сите овие појави кои влијаеле на бројот на населението, селото постепено се зголемувало, како во поглед на бројот на куќите така и по бројот на населението. Така се јавила една ситуација кога почнале да се градат куќи и врз обработливата земја која се наоѓала во непосредна близина на селото. Покрај оваа обработлива земја пожарените имале и друга земја за обработка малку подалеку од селото, некаде во правец на југ 5-6 км. подолу од селото. Оваа земја морала да се обработува секој ден. Имајќи го предвид фактот дека била пооддалечена, а при тоа се јавил и проблемот за постојано секојдневно пренесување на потребните алати за работа од дома до нива селаните почнале да градат колиби во кои во прво време стоел алатот. Подоцна сè почесто почнале и луѓето да преспиваат во нив, а со самото тоа и колибите почнале да ги прават поцврсто, заличувајќи сè повеќе на куќи. Бројот на овие куќи сè повеќе се зголемувал па така никнало ново село. Во почетокот новото село, бидејќи било направено од колиби, го добило името „*Колибите*" кое и ден денес може да се сретне меѓу пожарени. Но, аналогно на тоа што било направено и населено само од пожарени, подоцна и тоа го добива името Пожарско, а поради пониската надморска височина ја добива придавката долно, а првонастанатото горното. При ваква состојба на две села се појавила и тенденцијата за раселување на горното село за сметка на Д. Пожарско. Па така веќе во 1940-45 г. горното село имало само околу 38 куќи, а долното веќе околу 300 куќи.

Во 1946 г., со интензивирањето на граѓанската војна во Грција, се случува и првиот бегалски бран, при што една половина од пожерените пребегуваат во слободниот Вардарски дел на Македонија, од каде половина од пребеганите повторно се враќаат во Пожарско, а останатите се раселуваат по источноевропските земји. Во 1947 г. при крајот на февруари и почетокот на март Г. Пожарско целосно е изгорено и разрушено до темел. Состојбата била таква што не се познавала ниту една куќа, освен црквата и училиштето кои останале целосни. Селото било запалено од страна на Грците, а единствена причина била таа што од селото имало многу кои што биле партизани. Преживеаното население од Г. Пожарско било принудено да се пресели во Долно Пожарско. Но и овде ситуацијата не била добра. Селаните имале многу проблеми со грчката власт па кон крајот на летото 1948 г. се решаваат за бегство во слободниот дел на Македонија, во Вардарскиот дел. На 28. 8. 1948 г.

скоро сите горнопожарени и многу од долнопожарените пребегуваат кај местноста *Грчка на Добро Поле*, во Вардарска Македонија.

Првото населено место на кое наидуваат бегалците било селото *Мајдан*, а од таму во с. *Рождени* и на крај во *Мрежичко* каде и преспиваат. Сите овие села се наоѓаат од северната страна на *Кожув*. Од таму патот го продолжуваат за Кавадарци и Неготино каде добиваат привремено пребивалиште од 10-тина дена во конаците на црквата *Св. Ѓорѓи*. Целата стока и живина им била запленета од локалните власти, а на прашањето каде сакаат да бидат населени, дали во *Гаково* (Војводина) или во *Овче Поле* тие ја одбрале поблиската варијанта иако никој од нив немал поим што е и каде е Овче Поле, освен тоа што знаеле дека таму веќе имало од порано пребеганите пожарени. До Овче Поле биле транспортирани со товарни возови, а од таму со камиони и запрежни коли до с.*Ерџелија*. Таму иако им било ветувано, а и самите тие планирале враќање во родниот крај, сепак и до ден денес има околу 15-тина фамилии кои сè уште таму живеат иако поголемиот број се раселени низ Македонија. Во текот на овие 45 години пожарени од Ерџелија главно се раселиле во градовите: Штип, Кочани, Велес, Скопје, Прилеп, Битола, Неготино, Кавадарци, Демир Капија, Свети Николе и други. Од странските земји пожарени се расселиле, иако во мал број, во Австралија и Канада, а неколку фамилии успејаа да се вратат во родниот крај, но со прифаќање на целосна лојалност кон Грција, која добро е познато што сè опфаќа.

По овие настани Горно Пожарско престанува да егзистира целосно, без ниедна куќа и без ниеден жител, а сето имање, нивите и дрвјата се обработуваат и денес од останатите долнопожарени.

Инаку Долно Пожарско сè уште постои. Има околу 300 куќи и сите тие се големи и раскошни со водоводна мрежа (со одвод и довод) која со вода се напојува од изворот *Манчова Глава* од атарот на селото Г. Пожарско. Електрифицирано е уште во 1946 г. со едно основно (6-годишно) училиште, со две цркви Св. Јован која е со редовна служба и Св. Никола, со една детска градинка, со богато снабдени и опремени продавници и со многу земјоделски машини и трактори. Селото е чисто македонско -православно. Никогаш па ни денес во него не живееле ниту Турци, Власи, Грци, Албанци или Цигани.

Пожарени никогаш не го заборавија своето родно село и секогаш кон него ќе се однесуваат со пиетет и достоинство. За нив родното место останува свето и во таа смисла се трудат да го всадат и во душата на своите потомци.



*Панорама од Пожарско- Мегленско с. Долно Пожар*

**Вангелко ЛАЗАНОВСКИ**

# МАНАСТИРСКИ УЧИЛИШТА ВО МАРИОВСКО И МЕГЛЕНСКО

Основоположниците на Охридската книжевна школа, поточно на првиот универзитет во Македонија и пошироко: Свети Наум и Свети Климент, беа истовремено организатори на Православната црква во Македонија, која не била само сејач на религијата-христијанството туку истовремено во нејзини рамки се развивала и просветата, книжевноста и уметноста. Во поголемите и позначани манастири и цркви паралелно со просветителската и книжевната дејност биле отворени манастирски училишта, библиотеки и читалишта.

Охридската архиепископија со манастирите и црквите низ Македонија била вистински заштитник на македонскиот народ и ја развивала македонската просвета, книжевност, уметност и народно творештво. Во годините на ропството таа била национална македонска институција која успешно ја развивала македонската самобитност со своја култура, историја и јазик. И достојно се воздигнувала против соседните пропаганди. Особено доста влијаела врз развојот на манастирските училишта, библиотеки,читалишта, уметност и култура. Благодарение на таквиот буден однос многу манастирски библиотеки се стекнале со солидно книжевно наследство и се прочуле не само во Македонија, туку и во Европа.

За време на турското владење во Македонија започнал најтешкиот период за македонската просвета, уметност, книжевност и севкупниот културен развој. Не само што згаснале овие дејности во градските центри туку биле уништени и многу цркви, манастири, училишта и библиотеки. Додека градовите преживувале тешки и мрачни времиња започнала ренесанса на манастирите кои биле оддалечени од градовите и војничките центри. Тие биле слободни оази во поробена Македонија. Охридската архиепископија го помагала развојот на манастирите со севкупните нивни културно-просветни дејности во планинските масиви каде слободно можел да се одвива духовно-просветниот и книжевно уметничкиот живот. Овие појави се карактеристични за сите планински масиви за Македонија и за Мариовскиот и Мегленскиот крај.

Мариово е типична планинска област, висорамнинска котлина расположена меѓу Битолско-прилепскиот и Кавадаречко-мегленскиот крај. Меглен се наоѓа јужно од Мариовско-мегленските планини. И оваа област претставува засебна морфолошка и географска целина. На север го затвораат високите планини: Кожуф (Зеленбек 2171 м.), Козјак (Кара Козјак 1814 м.) и Ниџе (Кајмакчалан 2521 м.). На исток планината Пајак (Поглед 1650 м.) а на запад ограноци на планината Ниџе, додека на југ е широко отворен кон Солунско Поле.

Историјата на Мариово и Меглен е неоделив дел од историјата на Македонија. Археолошките истражувања докажуваат постоење на населби во овој простор уште од времето на неолитот. Од времето на Александар Македонски започнува нова историска епоха во која се чувствува влијанието на елинската култура.

На ове простори живееле македонските племиња: Брсјаците во мариовското поднебје и Сагудатите во мегленската област. Мариово и Меглен претставуваат крстосница каде се движела самоиловата војска и за време на овој македонски цар се чуствува поголем културен подем во некои населени места од Мариово и Меглен.

Во 1336 година Мариово се наоѓа под власта на Волкашин а Меглен под власта на Оливер, син на Углеша.

За време на турското владеење во Македонија поголем дел од Мариово има скоро своја слобода, оваа област како „земја" станало султанско и се здобило со целосна народна христијанска управа, претставувала посебна и полунезависна, природна и етничка социјална и политичка целина, потоа дека во Марово т.н. „Земско време" време на целосна автономија кога со него управувале „Земските кметови" со управа и судска власт до право на смртна казна. Мариовците имале право да избираат „земски кседар" кој ја носел титулата „Војвода на Мариово", а имал должност да ја води „земската чета" на народната самоодбрана заради заштита на областа од турските и арнаутските зулумќари и арамии.

Мариово ја осети горчината на ропскиот живот со текот на времето давачките, даноците, подароците се зголемувале, а и ги барале и други „службени" и неслужбени лица од Османлиите. Се зголемиле разбојничко-пљачкашките банди. Положбата во Мариово се влошувала, а во времето на Сулејман Величенствени станала неиздржлива. И не случајно во Мариово започнува првиот сенароден отпор против османлиското царство не само во Македонија,туку и за Балканот.Во историјата забележана како Мариовска буна во 1564/65 година, а во 1688/89 започнала и втората Мариовска буна. Горделиво и слободољубиво Мариово со својот борбен дух низ вековите беше светол пример на отпорност и достојноста за македонскиот народ и соседните поробени народи. И во текот на Илинденското востание Мариоиво ќе ги вклучи своите синови во виорите на Илинденската епопеја.

Мариово опстојувало и по поразот на Илинденското востание, но во текот на Балканските војни мариовците најпрвин воодушевено се вклучуваат

во борбата против турската империја, но Букурешкиот мировен договор нанес историска неправда за распарчена Македонија, а Мариово со воспоставената неприродна и нереална граница е поделено од Меглен. Катастрофалните последици за цела Македонија силно се одразија и за Мариово и Меглен, кои од централните македонски делови станаа погранични области. Вака неприродно одделени започна нивната стагнација во севкупниот живот и стопански и економски.

Мариово располага со богато македонско културно наследство. Низ целата област се изградени многу цркви и манастири, градени во различни временски периоди, каде низ вековите сликале и резбале истакнати македонски зографи, и резбари. Во црквите и манастирите покрај духовен живот се одвивал и културно-просветен и книжевно-уметнички живот.

Манастирите со своите имоти и конаци биле единствени установи каде можел да се насобере многуброен народ за време на манастирските слави и другите христијански празници. Во време на соборите се одвивал богат културно-забавен живот. За дадени празници било режирано сценарио на песни, музика, говори и игри. Тука биле испреплетени умеетностите, се надополнувале една по друга се прелевале. Овие собори го челичеле народниот дух, го развивале народниот македонски јазик. Облеката се возобнувала и добивала свои уметнички изведби. Самите манастирски конаци биле и музеи на македонските ракотворби и уметнички дела. Во манастирите и околу ним се плетеле легенди, преданија, народното творештво и од оваа богата народна традиција излезе Итар Пејо, Стале Попов и сите познати и анонимни уметници, ккнижевници и просветни дејци од Мариово и пошироко. Произлегле гајдаџии.

Манастирските центри како културни жаришта влијаеле и врз растежот на народната поетика. Се осетил подем во творечкиот процес. Манастирите биле гнезда на напредните револуционери, а од нив биле доста учители.

Во рамките на манастирскиот живот со црковната музика се осетува виден развоен тек и на народната. Гуслари крстосувале по манастирите и црквите. Манастирите биле и револуционерни јадра за Брсјачката буна, Илинден и во виорите на НОБ.

## *МАНАСТИРСКАТА ЦРКВА СВ.НИКОЛА-МАНАСТИР*

Во најстарите средновековни манастирски цркви е црквата Св.Никола во селото Манастир. Оваа манастирска црква за првпат е подигната во 1095 година, ја подигнал протостраторот Алексие, близок роднина на императорот Алексие Комнен, ова го дознаваме од написот, кој се наоѓа на јужниот и северниот ѕид од централниот кораб.

Во 1266 година е подигната сегашната црква, врз темелите од старата црква. Таа била подигната во времето на Игуменот Акакие, кој пред замонашувањето се викал Јоаникие (црквата е живописана во времето на Акакие во 1271 година).

Ѕидовите на црквата се живописани во времето на Акакие во1271 година. Во првата зона зографот успешно ги претставил светците во цел раст меѓу кои се издвојуваат светите воини: Свети Димитрие, Свети Ѓорѓи, Теодор Тирон, Стратилат и др. Во втората зона се насликани попрсја, а во третата- сцени од животот на Христос. Фрески од животот на Св.Никола се живописани во јужниот кораб, а во северниот ктитарска композиција каде е претставен нерoмонахот Анакие, со самиот модел на црквата. Фреските во централниот и делумно јужниот кораб бележат заеднички карактеристики, додека фреските на апсидата на централниот и јужниот кораб се во стилот на живописот на 10 и 11 век. Ваквата шареноликост на различни стилови не наведува на заклучок дека во живописувањето на оваа црква учествувале повеќе зографи. Тоа го потврдува написот од 1271 година каде пишува дека околу декорацијата на црквата е задолжен да повика вешти мајстори и се грижи околу живописувањето на црквата ѓаконот референдар Јован.

Во времето на македонскиот цар Самуил, кога во Македонија градбата и уметноста бележела подем, а тоа се почуствувало во Мариово и Мегленско, сепак од овој период потекнуваат и првите црковни градби, но за жал за тоа нема историски податоци.

Манастирот Св.Никола во с.Манастирец низ вековите не претставувало само гнездо за уметници од Македонија, него со својата местоположба во ропските векови бил слободна оаза каде се одвивал просветителски и книжевен живот. Не би погрешиле ако истакнеме дека во овој манастир работело и првото манастирско келијно училиште во Мариово. Манастирот располагал и со значаен фонд на средновековни македонски ракописи. Некои од ракописите биле пишувани и препишувани во овој манастир. И затоа би подвлекле дека уште во 13 век во овие Мариовски предели започнал и развојот на архитектурата, уметноста, писменоста и просветата. Во тринаесеттиот век во своите скромности работело манастирското училиште и постоела библиотека.

## *СВЕТИ ДИМИТРИЕ*

Црквата св.Димитрие, која се споменува како Св. Никола мала е по димензии еднокорабна граѓевина полуобличесто засводена. Таа е пред самиот влез од левата страна на с.Градешница. Оваа црква се вбројува меѓу постарите културни споменици во Мариово, поточно од 14 век. Таа е градена од материјал на постара црква.

Не е пронајден запис кога е живописана црквата, но стилот на живописот ни зборува дека е тоа 14 век. На ѕидовите на фреско-декорацијата се живописани ликовите на Исус Христос, Богородица Умиление, Св.Димитрие и Св.Никола. Над нив се дадени апостолите предадени во попрсја.

Во Мариово започна да се развива култот кон Св.Климент. Тоа го потврдува фреската со неговиот лик на ѕидовите од оваа мала црква во наосот, на јужната страна во композицијата се и ликовите на Св.Архангел Михаил а во втората зона: Св.Јован, Св.Климент и Света Ана и др. а во третата зона: Лаза-

ревото Воскресение, Крштението, раѓањето на Христа. На западната страна е композицијата Успение Богородично. Со својата висока уметничка вредност е композицијата Богородица Ширшаја небеса архиреи и други во апсидата.

Живописот во црквата е од повеќе зографи и во различни времиња, тоа го потврдува сочуваниот живопис што е насликан во наосот и на иконостасот се разликуваат од тој во олтарната апсоида. Едниот е од 14 век, а другиот во олтарната апсоида е од сликарските остварувања на 15 век.

Секоја црква во Македонија, а посебно во овие мариовски планински предели претставувала не само духовно жариште, туку и културно-просветно, од каде зрачела културата и просветата.

Мариово и Мегленско е неминовно да напоменеме дека имале, а и сеуште постојат поголем број на цркви и манастири кои какко што нагласивме датираат уште од Самоиловото царство и подоцнежниот средновековен период, како и од времето на византискиот период. Манастири и цркви се граделе низ сите векови по растежот на населбите во овие области. Во овој труд *ќе ги наведам манастирите* и црквите кои оставиле посилен белег во просветата и книжевноста низ вековите:

## *ЧЕБРЕНСКИОТ МАНАСТИР*

Свети Димитрија, бил меѓу најбогатите средновековни манастири, со голем имот, манастирска црква, конаци и други помошни згради.

Во неговите конаци постоело и работело Манастирско келијно училиште, каде продолжила просветителската традиција на Климент-наумовите ученици, поточно нивните следбеници. Во училиштето просветата се одвивала на старомакедонски јазик познат во научната мисла и како старословенски или црковно словенски јазик. Македонскиот народен јазик постепено но сигурно се зацврстувал во просветата и книжевноста.

Чебренскиот манастир бил расадник за учители, свештеници и уметници не само во Мариовско туку и пошироко.

Во неговата манастирска библиотека биле грижливо чувани средновековни ракописи, а истовремено се преведувале, препишувале книги за богослужбата.

Во Чебренскиот манастир се водела евиденција за стопанскиот живот, за неговата економија и биле водени книги за поддароци, т.е. манастирски кодики.

Записите и белешките од книжевниците, читателите често се пишувале претежно на мариовскиот говор.

Со својата духовна-просветна дејност си зацртале свое место во мариовската културна традиција низ вековите и следните манастири и цркви: Свети Илија (1872) кој бил доста богат, во Кокре црквата Свети Дух, во Дуње Свети Димитрија. Во ова село уште 1880 година имало училиште. Во Лештани: Свети Ѓорѓија, во село Вепрчани Свети Спас, во Крушевица Свети Архангел.

Полчиште со црквата Свети Спас изградена 1892 година. Бешиште имало две цркви Свети Илија и Света Петка и во ова село постоело и работело црковно училиште. И во селото Жиово имало две цркви Св.Петка и Св.Илија. Во село Врпско: Св.Арханѓел, и во Книно црквата: Св.Арханѓел. Во сите споменати досега цркви и манастири постоеле училишта и црковни библиотеки.

Селото Витолиште е во оние мариовски и македонски села кое низ вековите било културно-просветно жариште уште во 1824 година селото имало световно училиште, кое служело како расадник на просветата во цело Мариово и заедно со ќелијното училиште од Чебренскиот манастир продуцирале учители и попови за Мариово и пошироко. Во 1909година с.Витолиште се здобило со трокласно училиште и со интернат. Витолиште постепено имало тенденција да прерасне во градска населба.

Мегленско се до поделбата и распарчувањето на Македонија било значајно македонско поднебје со богат духовно-просветен и книжевно-уметнички живот. Во времето на македонскиото цар Самоил биле изградени значајни манастири и цркви, а во средниот век градбата била се поприсутна. Од Мегленско потекнува и македонскиот средновековен писател ***ИЛАРИОН МЕГЛЕНСКИ*** од втората половина на 11 и почетокот на 12 век. Тој бил Мегленски епископ кој водел огорчена борба против богомилите. Тој со своите полемични состави против богомилите оставил силни белези во неговото време, неговите полемики се зачувани во српски и руски преписи од 17-18 век. Тој подигнал и манастир посветен на светите апостоли, за овој манастир епископот Иларион составил посебен устав. По неговата смрт 21 октомври 1164 година бил прогласен за светец. Во 1205 година бугарскиот цар Калојан ги пренел моштите на Иларион од Меглен во бугарската престолнина Велико Трново. За Иларион пишувале истакнати книжевници и научници од Македонија и Балканот.

Сите цркви и манастири се до укинувањето на Охридската архиепископија се во Демир интерес кај уметниците и посетителите.нејзиниот состав. И низ сите векови се чувари на македонскиот борбен дух, зацврстување на македонската просвета,култура и уметност.

Од Мегленските цркви и манастири произлегле значајни македонски свештеници, учители, уметници, книжевници но и истакнати борци. За македонската црква биле жртви низ вековите многу синови и ќерки. Меглен ја даде и Злата Мегленска, која со сопствениот живот докажа како се жртвува за својот народ и е прогласена за Светец. Злата Мегленска е живописана на фреските на ѕидовите од македонските цркви. Претставена е во нејзина целост.

***ФРЕСКАТА НА ЗЛАТА МЕГЛЕНСКА*** во манастирот: „Св.Јован“ Претеча од с.Слепче Демир Хисар побудува интерес кај уметниците и посетителите.